### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник поблиску се уредуваат определени прашања сврзани со организацијата и начинот на работа на Советот на Општината Велес (во натамошниот текст: Советот), конституирањето, односно верификацијата на мандатот на членовите на Советот, правата и должностите на членовите на Советот, правата и должностите на претседателот на Советот, работата на Советот, неговите комисии, и посебните тела на Општината, програмирањето на работата на Советот, јавноста во работата на Советот и неговите комисии, актите на Советот, донесувањето прописи од надлежност на Советот, претресување на извештаи, анализи и други материјали, давањето согласност на статути и годишни сметки, односите на Советот со Градоначалникот, односите на Советот со јавните служби, установи и претпријатија, односите на Советот со советите на други општини, вршењето на стручни работи за потребите на Советот, измените на Деловникот, како и други прашања од значење за работата на Советот.

**Член 2**

Во работата на Советот службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.
На седница на Советот можат да одржат говори странски државници и граѓани на странски држави како гости.

Говорот одржан на јазикот на странски државници и граѓани на странски држави се преведува на македонски јазик.

### II. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ

1.Верификација на мандатот на членовите на Советот

**Член 3**

Конституирањето на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот.

Првата седница на новоизбраниот совет ја свикува претседателот на советот од претходниот состав најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршување на изборите.

Ако советот не се свика во рок од ставот (2) на овој член, членовите на советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на советот го конституираат советот во рок од десет дена по истекот на рокот од ставот (2) на овој член.

До избор на нов претседател, со седницата раководи најстариот член на Советот Претседавач.

Советот е конституиран доколку на конститутивната седница присуствуваат и им се верификуваат мандатите на мнозинството од вкупниот број членови на Советот, по предлог на Верификационата комисија.

**Член 4**

Верификационата комисија ја избира Советот по предлог на членовите на Советот, за време на траење на мандатот на Советот.

Верификационата комисија се состои од претседател и два члена.

Комисијата врз основа на известувањето на Општинската изборна комисија, доставените уверенија за извршениот избор на членовите и утврдувањето на нивниот идентитет, поднесува извештај со предлог за верификација. Советот извештајот со предлогот го разгледува во целина.

**Член 5**

Верификационата комисија, може да оспори решенија издадени од Општинската изборна комисија, за избор на одделни членови на Советот и да предложи верификацијата на мандатот да се одложи заради утврдување дали тие се издадени согласно постигнатите изборни резултати на учесниците.

Верификацијата на мандатот на член на Советот може да се одложи ако Комисијата:

-со сигурност не може да го утврди неговиот идентитет (исто име и презиме со други личности);

-постојат индиции за можна неспојливост на функцијата (вработен е во општинската администрација или презел функција или должност која со закон е утврдена како неспојлива со фунцијата член на Совет);

-настапила фактичка неможност за верификација на мандатот под услови утврдени со закон (во случај на смрт, престанок на жителството во општината, правосилна пресуда за кривично дело или донесено решение за одземање на деловната способност).

**Член 6**

Верифик а циона т а к о мисија м у поднесува извештај на Советот со предлог на кои членови на Советот треба да им се верификуваат мандатите, а на кои треба да се одложи верификацијата на мандатите.

Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот одлучува по предлогот на Комисијата за верификација, за верификација на мандатите на присутните членови на Советот.

Советот со мнозинство гласови на вкупниот број членови на Советот, одлучува за секој предлог на Комисијата за верификација, за одлагањето на верификацијата на мандатот на членови на Советот

Во случај кога е потребно одлагање на верификацијата, мандатот на членот на советот ќе биде верификуван на наредната седница на која членот ќе присуствува.

Член на Советот чиј мандат е оспорен или чија верификација е одложена, има право да присуствува на седница на Советот и да учествува во работата, без право на одлучување.

**Член 7**

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, на оние кои се избрани на изборите за замена, како и на оние чија верификација е одложена, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

**Член 8**

Советот е конституиран ако се верификуваат мандатите на мнозинството од вкупниот број членови на Советот, по предлог на Верификационата комисија.

По верификацијата на мандатот членовите на Советот даваат и потпишуваат свечена изјава.

Мандатот на членовите на совет трае до верификација на нов состав на Советот на Општина Велес.

**2. Начин на избор на претседател на Советот**

**Член 9**

Советот има претседател кој го претставува Советот и врши други работи определени со закон, Статутот на општината и овој Деловник.

**Член 10**

Претседателот на Советот го избира Советот по предлог на еден или група членови на Советот.

Советот гласа за сите поднесени предлози, односно предложени кандидати за избор на претседател, освен за оние кандидати кои дале изјава дека не ја прифаќаат кандидатурата.

**а.Избор на претседател на Советот со јавно гласање**

**Член 11**

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Советот.

Со гласањето за избор на претседател на Советот раководи најстариот член на Советот кој претседава со седницата.

Претседавачот на Советот ги повикува членовите на Советот да се изјаснуваат „за“ предлогот, без повикување да се изјаснат „против“, односно „воздржан“.

Членот на Советот во постапката за избор на претседател на Советот со јавно гласање има

право да се определи, односно да гласа “за“ само за еден од кандидатите.

**Член 12**

Ако се предложени повеќе кандидати, за секој предлог се гласа поединечно по редослед утврден по азбучен ред на презимињата на кандидатите.

Поединеченото прозивање по презимиња го врши општиниската администрација за претседател на Советот, избран е кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Советот.

**Член 13**

Доколку во првиот круг никој од кандидатите за претседател на Советот не го добил потребното мнозинство гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најголем број гласови.

**Член 14**

Ако во првиот круг повеќе кандидати добиле ист број на гласови, заради што не може да се определат двајца кандидати што имаат најголем број на гласови, гласањето се повторува само за кандидатите што имаат ист број на гласови, со цел да се определат двајцата кандидати за кои ќе се гласа во вториот круг.

**Член 15**

Ако и по вториот круг ниту еден од двајцата кандидати не го добил потребниот број гласови тогаш се повторува постапката за избор на претседател на Советот

**б. Избор на претседател на Советот со тајно гласање**

**Член 16**

Изборот на претседател на Советот може да се изврши со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот, одлучи Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 17**

Со тајното гласање раководи трочлена комисија што ја избира Советот по предлог на членот на Советот, што предложил гласањето да биде тајно.

Членовите на комисијата се избираат од редот на политичката партија што има мнозинство и членови од редот на опозициските политички партии.

**Член 18**

Тајно гласање за избор на претседател на Советот се врши со гласачки ливчиња.

На гласачкото ливче за избор на претседател на Советот се отпечатуваат имињата и презимињата на лицата предложени за избор и тоа според редот на поднесените предлози. На гласачкото ливче пред името на кандидатите се става реден број.

**Член 19**

Гласачките ливчиња мораат да бидат со еднаква големина, боја и форма.

На секое гласачко ливче се става печат на Општината.

**Член 20**

Секој член на Советот добива по едно гласачко ливче.

Откако ќе се утврди дека сите членови на Советот, добиле по едно гласачко ливче, претседавачот ќе ги даде потребните објаснувања за начинот на гласањето и ќе го определи времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

**Член 21**

Членот на Советот гласа на тој начин што го заокружува редниот број пред името и презимето на кандидатот за кого гласа и лично го спушта гласачкото ливче во поставената гласачка кутија, превиткано на начин што обезбедува тајност на гласањето.

**Член 22**

Откако сите присутни членови на Советот ќе гласаат и откако претседавачот ќе објави дека гласањето е завршено, се преминува на утврдување на резултатите од гласањето. Резултатите од гласањето се утврдуваат врз основа на предадените гласачки ливчиња.

**Член 23**

Гласачкото ливче од кое не може јасно да се утврди за кого е гласано (заокружени се повеќе кандидати, пречкртани се имињата на еден или повеќе кандидати, ливчето е оштетено или непополнето), се смета за неважечко.

**Член 24**

По завршување на гласањето и пребројувањето на гласачките ливчиња, претседателот на Комисијата веднаш ќе го објави резултатот од гласањето и ќе соопшти колку вкупно членови на Советот, подигнале гласачки ливчиња, колку гласале, колку гласови добил секој од кандидатите.

**Член 25**

Врз основа на извештајот на Комисијата, претседавачот ќе констатира кој од кандидатите е избран за претседател на Советот.

**Член 26**

Доколку, ниту еден од кандидатите не е избран за претседател на Советот во првиот круг на гласање, односно не го добил потребното мозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, претседавачот ќе констатира за кои двајца кандидати, кои добиле најголем број гласови во првиот круг на гласање, ќе се гласа во вториот круг.

Ако во првиот круг повеќе кандидати добиле ист број на гласови, заради што не може да се определат двајца кандидати што имаат најголем број на гласови, гласањето се повторува само за кандидатите што имаат ист број на гласови, со цел да се определат двајцата кандидати за кои ќе се гласа во вториот круг.

**Член 27**

Во постапката и начинот на гласање во вториот круг, со двајца кандидати, соодветно се применуваат одредбите од овој Деловник што се однесуваат на гласањето во првиот круг.

**Член 28**

Ако ниту еден од двајцата кандидати и во вториот круг не го добил потребното мнозинство изборната постапка во целост се повторува.

**3. Права и должности на претседателот на Советот**

**Член 29**

Претседателот
на Советот:

-ги свикува и раководи со седниците на Советот;
-се грижи за организацијата и работата на Советот;
-ги потпишува одлуките и актите на Советот и ги доставува на Градоначалникот заради објавување;
-дава иницијатива за расправаување одделни прашања од делокругот на Советот и комисиите и се грижи за усогласување на нивната работа;
-ја поттикнува и помага меѓусебната соработка на комисиите на Советот и се грижи за нивната соработка со други органи;
-ги закажува седниците на комисиите кога по барање на членовите на комисијата седницата нема да ја закаже претседателот на комисијата;
-се грижи за примената на Деловникот;
-иницира и остварува соработка и координација со претседателите на советите на други општини и
-потпишува овластувања согласно потребите и потврди за присуство на седници и комисии;
-потпишува евиденционен лист за присуство; -врши и други работи определени со Закон, Статут и со овој Деловник.

**Член 30**

Претседателот на Советот има право да учествува во работата на комисиите на Советот и да им предлага да претресуваат прашања од нивна надлежност.

**Член 31**

Претседателот на Советот може заради организација на работата на Советот да формира Координативното тело кое:

-ја планира динамиката на седниците на Советот, во зависност од значењето, природата и времето на поднесување на предлозите на акти и други материјали;

-иницира дневен ред и време на одржување на седниците на Советот;
-дава иницијатива на Советот и комисиите за расправаување на прашања од нивна надлежност.
Координативното тело го сочинуваат по еден член на Советот како претставник од секоја политичка партија што добила најмалку три советнички места, согласно извештајот на општинската изборна комисија од одржаните локални избори. Координативно тело со формира со Решение.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

### 1.Општи одредби

**Член 32**

Со верификација на мандатот, членот на Советот се стекнува со права и должности утврдени со закон, статутот на општината и овој деловник.

**Член 33**

Заради вршење на својата должност, члено т н а Сов е т о т има п рав о од Градоначалникот, општинската администрација, јавните служби, установи и претпријатија, основани од Општината и од други институции да бара податоци што му се потребни за неговата работа во Советот.

Член на Советот доколку има потреба може да изврши увид во документацијата која се однесува на точка што е на дневен ред пред започнување на седницата на надлежната комисија кога се разгледува точката.

**Член 34**

Членот на Советот, кој од страна на Советот е избран за член на органите на управување на јавните служби, установи и претпријатија, основани од Општината не може да учествува во одлучување на седницата на Советот за прашања што се однесуваат на јавните служби, установи и претпријатија во чии органите на управување е избран.

### 2. Присуствување на седници и учество во работата

**Член 35**

Членот на Советот има право и должност да присуствува на седниците на Советот, постојаните и повремените комисии и тела во кои членува и да учествува во работата и одлучувањето.

**Член 36**

Членот на Советот има право да присуствува и на седниците на комисиите во кои не е член, како и право да учествува во нивната работа, но без право на одлучување.

**Член 37**

За присуството на седниците на Советот и на комисиите во кои членуваат членовите на Советот, се води евиденција.

Евиденцијата ја води општинската администрација.
За евиденцијата се издава потврда за присуство која ја потпишува Претседателот на Советот.

**Член 38**

Општинската администрација го известува претседателот на Советот, за случаите кога член на Советот три пати едноподруго отсуствувал од седниците на Советот и комисиите во кои членува, а не го оправдал своето отсуство.

Претседателот на Советот е должен веднаш да ја извести Верификационата комисијат, со цел да се утврдат причините за отсуството и да се утврди дали постојат законски услови за утврдување престанок на мандатот на членот на Советот или за разрешување на членот на Советот од комисиите во кои членува и да му предложи на Советот на негово место да избере друг член.

**3. Покренување иницијативи и поднесување предлози**

**Член 39**

Членот на Советот има право на седниците на Советот:

-да ги изнесува предлозите и мислењата на граѓаните и да му предлага на Советот заземање ставови од надлежност на Советот за тие предлози и мислења;

-да дава иницијативи за донесување на прописи од надлежност на Советот, како и да поднесува амандмани на предлозите на прописите;

-да иницира распишување референдум за решавање на прашања од интерес за Општината, како и за претходно изјаснување на граѓаните за одделни предлози на одлуки или за нивно потврдување;

-да предлага расправање на прашања во врска со состојбата во дејностите за кои Општината основала јавни служби, установи и претпријатија, како и прашања во врска со остварувањето на надзорот над нивната работа;

-да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од значење за определена дејност, како и од значење за граѓаните;

**Член 40**

Членот на Советот има право поединечно или заедно со други членови на Советот, да предлага избор и разрешување на претседател на Советот, претседатели и членови на комисиите и посебните тела на Општината, што ги избира односно именува Советот, на начин и под услови утврдени со закон, Статутот и овој Деловник.

**4. Поставување советничко прашање**

**Член 41**

Членот на Советот има право на Градоначалникот и на раководните органи, односно членовите на органите на управување на јавните служби, установи и претпријатија што ги основа Општината, да им поставува прашања (советнички прашања) што се однесуваат на нивната работа или на работата од нивна надлежност, односно од надлежност на органите, службите, установите и претпријатијата.

Прашањето треба да е кратко и прецизно, при што членот на Советот треба да означи на кого му е упатено прашањето.

Советничките прашања се евидентираат во записникот од самата седница.

**Член 42**

Прашањето се поставува усно на седница на Советот.

Советничките прашањата се поставуваат и одговорите се добиваат на самата седница од страна на Градоначалникот освен во случаи кога нема доволно информации и во таа ситуација одговорот се дава во писмена форма најдоцна до одржување на првата наредна седница.

Доколку се работи за посложено прашање кое бара посеопфатни анализи и следење на состојби, рокот од став 2 на овој член може да биде подолг.

На прашањето поставено до Градоначалникот, одговор дава Градоначалникот или лице што тој го овластил.

Кога одговорот го дава лице овластено од страна на Градоначалникот, се смета дека одговорот го дал Градоначалникот.

**Член 43**

По добиениот одговор на поставеното прашање, односно на дополнителното прашање, членот на Советот може да предложи предметот на кој се однесува неговото прашање да се стави на дневен ред на таа седница на Советот или на една од наредните седници.

За предлогот од став 1 на овој член, по ислушувањето на мислењето на Градоначалникот или лицето на кое му било поставено прашањето, одлучува Советот.

Градоначалникот или лицето на кое му е поставено прашањето, може да побара претресот по тоа прашање да се одложи додека не се соберат податоци.

Ако барањето од став 3 на овој член се усвои, Советот определува рок до кога се одлага претресувањето на тоа прашање.

**Член 44**

Ако член на Советот сака да постави прашање кое се однесува на јавните служби, установи и претпријатија, до претседателот на Советот ќе го најави поставувањето на прашањето најдоцна 2 дена пред почетокот на седницата за да се обезбеди присуство на претставник.

**Член 45**

Членот на Совет на една седница може да постави најмногу три прашања. Поставувањето на советнички прашања не може да трае подолго од 10 минути.

Одговор на едно поставеното советничко прашање не може да трае подолго од 5 минути.

**5. Чување тајна**

**Член 46**

Членот на Советот е должен да чува тајна. Како тајна се сметаат податоците што членот на Советот ќе ги дознае на седницата на Советот или комисиите, во врска со прашањата за кои на седницата се расправа без присуство на јавноста.

За тајна се сметаат и сите материјали што му се упатуваат на Советот и комисиите, а кои се означени како такви со ознака „Доверливо“ од страна на подносителот.

Со материјалите што се сметаат за тајна се постапува согласно со напоменатаупатството за ракување и чување на материјалите, што се проследува кон таквите материјали.

**6. Обезбедување на услови за вршење на функцијата член на Советот**

**Член 47**

Заради обезбедување на услови за вршење на функцијата член на Совет, општинската администрација и органите на управување на јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината, на членовите на Советот:
-им укажуваат стручна помош во изработувањето на предлозите што тие му ги поднесуваат на Советот, односно комисиите, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што им ги доверил Советот, односно работното тело;
-им обезбедуваат дополнителна документација која им е потребна за нивната работа;
-им даваат стручни објаснувања и појаснувања за проблемите на кои тие работат;
-се грижат за обезбедување на технички услови за нивната работа.

**Член 48**

Членовите на Советот имаат право да ги користат просториите и документацијата на Општината, за извршување на нивните права и должности.

**7. Престанок и одземање на мандатот на членовите на Советот**

**Член 49**

На член на Советот му престанува мандатот во случаите утврдени со закон.

**Член 50**

Членот на Советот има право да поднесе оставка и да ја образложи.

Оставката му се поднесува на претседателот кој ја проследува до членовите на Советот.

Оставката може да се поднесе и образложи на самата седница на Советот.

По поднесувањето на оставката, Советот на самата седница или првата наредна седница, без расправа, констатира престанок на мандатот на членот на Советот.

Оставката може да се повлече до почетокот на седницата на која се констатира престанок на мандатот.

Претседателот на Советот ја известува Општинската изборна комисија, за престанокот на мандатот на членот на Советот и бара од неа податоци кој кандидат е следен од листата на политичката партија од која доаѓа членот на Советот кој поднел оставка.

**Член 51**

Претседателот на Советот е должен да ја извести Верификационата комисија и да го внесе во предлогот на дневниот ред за првата наредна седница на Советот секој случај што со себе повлекува престанок на мандатот на некој од членовите на Советот.

Верификационата комисија е должна да го разгледа секој случај што повлекува престанок или одземање на мандатот на член на Советот, да побара податоци од надлежни институции и служби за да ги потврди фактите и да ги утврди причината и денот на настанување на условите за престанок или одземање на мандатот на член на Советот.

Верификационата комисија е должна на Советот да му поднесе извештај и предлог заради констатирање престанок или донесување одлука за одземање на мандатот на член на Советот.

Советот ќе ја утврди причината и денот на престанок на мандатот и ако Верификационата комисија не поднесе извештај и не даде предлог во врска со настанат случај што повлекува престанок или одземање на мандатот на член на Советот и тоа врз основа на документи кои го потврдуваат настанувањето на услови предвидени со закон за престанок и одземање на мандатот на член на Советот, обезбедени од страна на општинската администрација.

## IV.РАБОТА НА СОВЕТОТ

### 1.Свикување на редовни,вонредни,итни и свечени седници

**Член 52**

Советот работи на Седници што ги свикува претседателот на Советот, по сопствена иницијатива.

Седница на Советот, согласност со закон, мо же да се свик а и на барање н а Градоначалникот, како и на барање на најмалку ¼ од членовите на Советот, во рок од 15 дена од поднесувањето на барањето.

Доколку претседателот на Советот не ја свика седницата по барање на членовите на Советот, седницата може да ја свикаат подносителите на барањето, да го предложат дневниот ред на седницата, а со седницата раководи најстариот член на Советот.

Во случај на престанок на мандатот на претседателот (со исполнување на законски предвидените услови), до избор на претседател Советот го свикува и со него раководи најстариот член на Советот.

Ако најстариот член е спречен или отсутен и не може да ја свика и раководи со седницата, на седницата претседава член на Советот, кој по предлог на еден или група членови на Советот, ќе го избере Советот со мнозинство на гласови од присутните членови на Советот.

**Член 53**

Решение за свикување на седница на Советот им се доставува на сите членови на Советот, најдоцна 7 дена пред денот определен за одржување на седницата.

Решението содржи предлог дневен ред со прилог соодветен материјал за точките кои се предлагаат.

Решението за свикување на седница со материјалите за седницата, до членовите на Советот се доставуваат по електронски пат, на службената меил адреса и друга електронска пошта која е дадена од членот за уредна достава на материјалите.

**Член 54**

По исклучок, претседателот на Советот по сопствена иницијатива на предлог на најмалку 1/3 од членовите или на предлог на Градоначалникот може да свика вонредна седница и во рок пократок од 7 дена, а дневниот ред да го предложи на самата седница.

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, за прашања кои настанале поради вонредни околности ( пожар, поплави, земјотреси,кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија).

По предлог на Градоначалник и Претседател на Совет може да се свика итна седница поради итни и неодложни работи).

Решението со предлог Дневен ред и материјалите за вонредна и итна седница се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин.

Истата можат да ја добијат усно, по телефон или по електронска пошта.

Советот одржува и свечени седници за доделување награди и признанија,за организирање на општински настани, обележување на значајни историски настани како и одржување на говори на наши и странски државјани, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на Општина Велес.

Пред отпочнување со работа членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна или итна седница без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 55**

Седниците на Советот покрај физичко присуство во електронска сала во вонредни околности можат да се одржуваат и од далечина преку конференциска врска со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска) со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки.

Присуството на членовите на Советот на седниците одржани од далечина, ќе се евидентира со поединечна прозивка на секој член и ќе се засметува како уредно присуство.

Гласањето на членовите на Советот со употреба на комуникациски средства се одвива по пат на поименично произнесување на секој од членовите на Советот кои се најавени на седницата и ќе се врши евидентирање на гласот по изјаснувањето со глас „за“, „против“ или „воздржан“.

**2. Дневен ред**

**Член 56**

Решението за свикување на седница на Советот со предлогот на дневниот ред и материјалите по точки што се предлагаат за дневниот ред за седницата, на членовите на Советот им се доставуваат најдоцна седум дена пред денот определен за одржување на седницата.

По исклучок, материјалите по одредена точка од предлог дневниот ред, може да бидат доставени и во рок пократок од 7 дена поради потреба од нивно доуредување или обезбедување дополнителна документација.

Дневниот ред на седница на Советот се утврдува на предлог на претседателот на Советот на почетокот на седницата, со мнозинство гласови на присутните членови на Советот.

**3. Претседавање и учество**

**Член 57**

На седница на Советот претседава претседателот на Советот.

Во случај на негова спреченост или отсутност, на седницата претседава член на Советот по овластување на претседателот.

**Член 58**

Во работата на седница на Советот, без право на одлучување, можат да учествуваат и поканети претставници на јавни служби, установи и претпријатија.

**4.Мнозинство за работа**

**Член 59**

Советот може да работи ако на седница присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Ако претседателот смета дека на седницата не присуствува доволен број членови на Советот, ќе побара да се изврши прозивка.

Прозивката ќе се изврши и ако тоа го побара член на Советот.

Во случај кога седницата се одвива електронски секој присутен поименично се прозива од страна на претседателот или службите.

Ако се утврди дека на седницата не присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот,

седницата не може да се одржи, односно ако е веќе започната се прекинува.

Во случаите од став 5 на овој член, претседателот ја презакажува седницата, со писмено известување упатено до сите членови на Советот.

### 5. Тек на седницата

**Член 60**

Седницата на Советот почнува со работа во закажаниот термин со утврдување на бројот на присутни членови на Совет.

Членовите на Советот имаат право, пред да се утврди дневниот ред на седницата, да стават забелешки на записници од седници.

За основаноста на забелешките одлучува Советот без расправа, а ако забелешките се усвојат, во записникот ќе се извршат соодветни измени.

**Член 61**

Отткако ќе се прочита предлог дневниот ред, секој член на Советот може на седницата да предложи:

-предложениот редослед на точките на дневниот ред да се измени;

-некоја од предложените точки да се симне од дневниот ред;

-дневниот ред да се дополни со нова точка на дневниот ред, но е должен да ја образложи итноста на тој предлог .

Градоначалникот може да предложи дополнување на дневниот ред на седницата со определено прашање и итноста да ја образложи Градоначалникот или претставник што тој ќе го овласти.

За итноста се доставува материјал и во писмена форма.

Итната точка се разгледува од страна на надлежните Комисии и се изготвува извештај.

Советот со мнозинство гласови на присутните членови одлучува одделно за секој предлог за дополнување на предложениот дневен ред.

**Член 62**

Доколку се утврди потреба некоја точка да се симне од дневен ред пред истиот да биде усвоен,од страна на предлагачот се доставува известување до претседател на совет истата да се симне.

За симнувањето на точката во овој случај, не се води расправа, не се гласа, само се евидентира во записник.

По усвојување на дневниот ред, ако се јави потреба за симнување на точка, не се води расправа,не се гласа, но се носи заклучок за симнување на точка од дневен ред.

Доколку некоја од предложените точки е симната од дневниот ред, не може да се бара нејзино повторно внесување во дневниот ред на истата седница.

Точката која е симната од дневен ред може да биде ставена на дневен ред на една од наредните седници согласно потребите.

**Член 63**

По усвојувањето на дневниот ред, претседателот ги информира членовите на Советот за дополнително доставените или пред седницата поделените материјали и дава други соопштенија што се од значење за работата на седницата и што треба да се имаат предвид при одлучувањето.

**Член 64**

Седницата се одржува според усвоениот дневен ред, а претседателот е должен да отвори расправа по секоја од точките, освен ако со закон, Статут и со овој Деловник е определено да се одлучува без расправа.

Советот со мнозинство гласови од присутните членови може да одлучи на предлог на Градоначалникот или член на Советот, да води заедничка расправа по повеќе точки од дневниот ред доколку тие имаат сродна или меѓусебно поврзана содржина, но гласањето мора да биде поединечно.

**Член 65**

По барање на член на Советот, а со поддршка на најмалку 8 члена, претседателот на Советот ќе

даде пауза, поради дополнителни консултации или но не подолга од 30 минути.

Претседателот ќе даде пауза за да се докомплетира материјалот за самата седница, а може да даде и подолга пауза од став 1 кога за тоа има потреба.

**Член 66**

На почетокот на расправата по секоја точка од дневниот ред предлагачот, односно претставникот на предлагачот може да даде дополнителни образложенија или појаснувања.

Дополнителните образложенија или појаснувања може да траат најмногу 3 минути.

**Член 67**

Расправата по определено прашање трае се додека по неа има пријавени за збор.

Претседателот ја заклучува расправата откако ќе утврди дека повеќе нема пријавени за збор.

**Член 68**

Во текот на расправата најпрво се расправа за амандманите доколку такви има поднесено по предлогот.

**6.Ограничување на времетраењето на излагањето**

**Член 69**

На седница на Советот никој не може да говори пред да побара и добие збор од претседателот.

Претседателот на советот на членовите на советот им дава збор според редоследот на јавувањето.

Предност имаат секогаш оние што се јавуваат по прв пат.

Говорникот кој сака да говори по втор пат може да добие збор по исцрпување на листа на пријавените кандидати.

**Член 70**

Доколку во работата на Советот се користи друг јазик, при излагањето се обезбедува превод за да можат присутните на седницата да го следат излагањето.

**Член 71**

Претседателот се грижи членот на Советот да не биде попречуван во својот говор. Членот на Советот може да го опомене или да го прекине во говорот само претседателот.

**Член 72**

Претседателот веднаш ќе му даде збор на членот на Советот кој сака да земе збор во врска со примената или отстапување од одредбите на Деловникот (процедурално прашање) или на утврдениот дневен ред.

Говорот на овој член на Советот не може да трае подолго од 3 минути. По излагањето на членот на Советот претседателот е должен да даде објаснување.

**Член 73**

Претседателот ќе му даде збор на членот на Советот ако побара збор (реплика) за да го исправи наводот што е неточно изложен или што дал повод за недоразбирање или предизвикал потреба од лично објаснување и тоа откако ќе го заврши излагањето оној што ја предизвикал потребата од реплика.

Во својата реплика, која не може да трае подолго од 3 минути, членот на Советот мора да се ограничи на исправката, односно на личното објаснување.

Членот на Советот на кого му е упатена репликата, има право на одговор (контрареплика), во траење од 1 минута.

Членот на Советот, правото на репликата и одговорот на репликата, можат да се користат само еднаш во текот на расправата по една точка од дневниот ред.

Членовите на Совет имаат право на реплика и контрареплика само меѓусебно, но не и со Градоначалник и Претседател на совет.

**Член 74**

Членот на Советот може да говори само по прашање што е на дневен ред.

Ако членот на Советот се оддалечи од дневниот ред, претседателот ќе го повика да се придржува за дневниот ред.

Ако членот на Советот и по повторната опомена не се придржува за дневниот ред, претседателот може да му го одземе зборот.

**7. Одлучување**

**Член 75**

Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Совет во моментот на гласање, освен ако не е предвидено поинакво мнозинство членови на Советот, согласно Закон, Статут и овој Деловник.

**Член 76**

Членовите на Советот гласаат на тој начин што се изјаснуваат "за", "против" или воздржан".
Доколку некој од членовите на Советот има судир на интереси со некоја од точките на дневен ред истиот треба да се изземе од гласање.
Кога некој член се изземал поради судир на интереси,истиот нема право да учествува во расправата по точката, ниту да гласа по таа точка.
Член на совет може и да не гласа по однос на точка која е на дневен ред.

**Член 77**

Гласањето може да биде јавно и тајно.

**Член 78**

Јавното гласање се врши со кревање на рака,со соодветен електронски систем или со поименично усно изјаснување.

**Член 79**

Гласањето со кревање на рака се врши на тој начин што претседателот ги повикува членовите на Советот најнапред да се изјаснат кои се „за", потоа да се изјаснат кои се „против" и на крај кои се „воздржан".

**Член 80**

Гласањето со употреба на соодветен електронски систем, се врши на начин кој овозможува секој од членовите на Советот да гласа и да се евидентира секој даден глас „за", „против" или „воздржан" и да се утврди збирот на гласовите, односно резултатот од гласањето.

**Член 81**

Поименично гласање се врши кога претседателот смета дека е потребно точно да се утврди резултатот од гласањето.

Поименично гласање се врши и кога тоа ќе го побара член на Советот.

При поименично гласање членовите на Советот, усно се изјаснуваат дали се „за", „против" или „воздржан". Прозивката ја врши претседателот или службеник на општинската администрација.

**Член 82**

Тајно гласање се врши со гласачки ливчиња.

Со тајното гласање раководи комисија што ја избира Советот по предлог на членот на Советот, што предложил гласањето да биде тајно.

**Член 83**

Ако тајното гласање е за донесување на пропис од надлежност на Советот, на гласачкото ливче точно се отпечатува називот на прописот и се овозможува членот на Советот да гласа "за", "против" или "воздржан".

**Член 84**

Ако тајното гласање е за избор или разрешување, на гласачкото ливче се отпечатуваат имињата на лицата предложени за избор, односно разрешување и тоа според редот на поднесените предлози.

На гласањето за избор или разрешување пред името на кандидатот се става реден број.

**Член 85**

Гласачките ливчиња мораат да бидат со еднаква големина, боја и форма. На секое гласачко ливче се става печат на Општината.

**Член 86**

Секој член на Советот добива по едно гласачко ливче.

Откако ќе се утврди дека сите членови на Советот, добиле по едно гласачко ливче, претседателот ќе ги даде потребните објаснувања за начинот на гласањето и ќе го определи времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

По истекот на определеното време, претседателот ги повикува членовите на Советот да гласаат.

**Член 87**

Членот на Советот лично го спушта гласачкото ливче во поставената гласачка кутија, превиткано на начин кој обезбедува тајност на дадениот глас.

**Член 88**

При гласање за избор, членот на Советот гласа на тој начин што го заокружува редниот број пред името и презимето на кандидатот за кого гласал.
При гласање за разрешување, членот на Советот гласа на тој начин што го заокружува редниот број пред името и презимето на лицето за чие разрешување се гласа.
Гласачкото ливче од кое не може јасно да се утврди за кого, односно за што е гласано се смета за неважечко.

**Член 89**

Откако сите присутни членови на Советот ќе гласаат и откако претседателот ќе објави дека гласањето е завршено, се преминува на утврдување на резултатите од гласањето. Резултатите од гласањето се утврдуваат врз основа на предадените гласачки ливчиња.

**Член 90**

По завршување на гласањето и пребројувањето на гласачките ливчиња, претседателот на комисијата ќе го објави резултатот од гласањето на истата седница на Советот и ќе соопшти колку вкупно членови на Советот гласале, колку биле “за“, “против„ или “воздржани“ и колку има неважечки гласачки ливчиња.

**8.Одржување на редот**

**Член 91**

За одржување на редот на седницата се грижи претседателот на Советот.

За повреда на редот на седницата, претседателот на Советот може да го опомене, да му го одземе зборот на членот на совет и да го отстрани од седницата.

**Член 92**

Претседателот на Советот ќе го опомене членот на советот: - кој недолично се однесува

- кој во своето излагање се оддалечува од дневниот ред,

- со земање на збор кога претседателот не му дал збор,

- со упаѓање во збор на говорник или со слична постапка го нарушува редот на седницата.

Претседателот на Советот ќе му го одземе зборот на членот на советот, кога тој со својот говор на седницата го повредува редот, а на истата седница два пати е опоменат да се придржува за редот на седницата.

**Член 93**

Претседателот на Советот го отстранува членот на советот, кога и покрај опомената, односно одземањето на зборот го нарушува редот на седницата или употребува изрази со кои се нарушува достоинството на Советот и истиот е должен веднаш да ја напушти салата и не може да присуствува на седницата од која е отстранет.

Ако претседателот на Советот не може да го одржи редот на седницата, ќе одреди краток прекин на седницата.

Претседателот на совет има право да ја прекине седницата кога ќе одлучи дека има потреба за тоа.

**Член 94**

Одредбите за одржување на редот на седницата на Советот се однесуваат на сите учесници на седницата.

**Член 95**

Изречените мерки се внесуваат во записник.

### 9. Записници

**Член 96**

За работата на седниците на Советот се води записник.

Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, дневниот ред што е усвоен на седницата, предлозите и амандманите што се поднесени на седницата и за одлуките што се донесени.

Во записникот се внесуваат резултатите од гласањето по точките од дневен ред.

Членот на Советот кој на седницата издвоил мислење, може да побара во записникот да се внесат значајни делови од неговата изјава.

Составен дел на записникот е евиденционен лист во кој се внесува бројот на присутните и отсутните членови на советот со имиња и презимиња.

Членот на советот своето присуство го потврдува со потпишување во евиденциониот лист.

Евиденциониот лист за присуство го потпишува Претседателот на Советот.

**Член 97**

Записникот им се доставува на членовите на Советот, по правило заедно со решението за свикување на наредната седница.

По исклучок може да се испратат записници од повеќе претходно одржани седници на советот, но усвојувањето на секој од записниците треба да биде одделно наведено во записникот.

**Член 98**

Записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот во кој согласно со усвоените забелешки се извршени измени се смета за усвоен.

Усвоениот записник го потпишува претседателот на Советот.

За составувањето на записникот и за чувањето на оригиналните записници од седниците на Советот се грижи општинската администрација.

## V. КОМИСИИ НА СОВЕТОТ

### 1. Постојани и повремени комисии

**Член 99**

Советот формира постојани и повремени комисии.

### 2. Состав и број на комисиите

**Член 100**

Бројот на членовите на постојаните комисии се определува со Статутот.

Составот, бројот на членовите и задачите на повремените комисии се утврдува со актот за формирање на комисијата.

Членови на повремените комисии можат да бидат, покрај членови на Советот и научни и стручни работници.

**Член 101**

Постојаните и повремените комисии имаат претседател, заменик претседател и определен број членови.

Претседателот на постојаната и на повремената комисија:

-ја организира работата на комисијата;

-дава иницијатива за расправаување на определени прашања од делокругот на комисијата;

-се грижи за известување на членовите на комисијата и на Советот за проблемите од делокругот на комисијата;

-ги подготвува и свикува седниците;

-го предлага дневниот ред на седниците и претседава со нив;

-се грижи з а с проведување н а заклучоците и

-врши и други работи што се определени со овој Деловник.

Во случај на спреченост или отсутност, претседателот го заменува неговиот заменик.

Заменик претседател се избира од редот на членовите на комисијата и истото се евидентира во извештајот од седница на комисија.

**Член 102**

Избор на претседател и членови на комисија на Советот се врши во целина, врз основа на предложени листи.

Листа може да предложи секој од членовите на Советот или група советници.

Предложената листа се става на дневен ред на седницата на Советот само ако сите предложени кандидати за членови на комисијата дале изјава со која ја прифаќаат кандидатурата.

Кандидатските листи се поднесуваат до претседателот на Советот кој ги доставува до Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Изборот на претседател и членови на комисиите се врши со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 103**

Избор заради промена на поодделен член на комисија се врши врз основа на поединечни предлози, со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 104**

Предлог за разрешување на претседател и членови на комисијата, може да даде комисијата, член на советот или претседател на советот.

По предлогот за разрешување одлучува советот со јавно гласање ,со мнозинство гласнови од присутните членови на советот.

**3.Делокруг на постојаните комисии**

**Член 105**

Постојаните комисии, во рамките на својот делокруг:

-ги разгледуваат предлозите за донесување на прописи и други акти од надлежност на Советот и му поднесуваат извештај со свои мислења и предлози;

-проучуваат и разгледуваат други прашања од својот делокруг и на Советот му даваат мислења и предлози по тие прашања.

**Член 106**

**Советот ги има следните постојани комисии:**

-Верификациона комисија;
-Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
-Комисија за Статут и прописи;
-Комисија за финансирање и Буџет;
-Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај и заштита на животната средина и локален економски развој;
-Комисија за јавни дејности;
-Комисија за спорт;
-Комисија за заштита на правата на децата;
-Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите;
-Комисија за унапредување на правата на пациентите;
-Комисија за определување на имиња на улици,плоштади,мостови и други инфраструктурни објекти;
-Комисија за Програма на совет;
-Комисија за определување претставници од членовите на советот на Општина Велес во постапка за склучување на бракови и
-Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Велес.

а)Верификациона комисија врз основа на известување од општинската изборна комисија, доставените уверенија за избор на членовите и утврдување на нивниот идентитет поднесува извештај до советот со предлог за верификација.

Верификационата комисија, може да оспори решенија издадени од Општинската изборна комисија, за избор на одделни членови на Советот и да предложи верификацијата на мандатот да се одложи заради утврдување дали тие се издадени согласно постигнатите изборни резултати на учесниците.

Верификационата комисија констатира престанок на мандат на член на совет пред истекот на периодот за кој е избран.

На негово место верифицира мандат на нареден кандидат од листата доставена од Општинската изборна комисија од политичката партија од која доаѓа членот на кој му престанал мандатот.

Претседателот на комисијата е од листата на предлагачот што има најголем број мандати за членови на Советот, избрани на непосредните избори.

**б) Комисија за мандатни прашања, избори и именувања**

**Член 107**

Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, ги разгледува и подготвува предлозите кои се однесуваат на мандатните прашања; разгледува и подготвува предлози за избор, именување и разрешување од надлежностите на Советот; определува надоместоци и други примања на избрани и именувани лица; го определува надоместокот на патните и дневни трошоци на членовите на Советот, како и трошоци направени за извршување на задачи кои им ги доверил Советот.

Пpет седат ел от и членовит е н а Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања ги избира Советот на својата прва седница.

Претседателот на комисијата е од листата на предлагачот што има најголем број мандати за членови на Советот, избрани на непосредните избори.

**в) Комисија за финансирање и Буџет**

**Член 108**

Комисијата за финасирање и буџет ги следи, разгледува и анализира појавите, проблемите и прашањата во врска со финансирањето на функциите на Општината; го разгледува предлог буџетот и завршната сметка на буџетот;ги следи состојбите со остварувањето на изворните приходи на Општината и остварува увид во реализацијата на планираните расходи, разгледува прашања од јавните служби, претпријатија, установи и училишта кои ги основала, а кои кои содржат финансиски импликации и предлага мерки од делокругот на нејзиното работење.

**г) Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој**

**Член 109**

Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина, ги разгледува прашањата во врска со урбанизмот и просторно планирање, уредувањето на градежното земјиште,прашања поврзани со постапка за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, прашања од комуналното уредување во градот и населените места, прашања од заштитата и унапредувањето на животната средина (заштита од загадување на воздухот и водата и спречување на штетната бучава) и други прашања и по нив му дава предлози и мислења на Советот, прашања од работата на јавните служби и претпријатијата кои се однесуваат на надлежностите на комисијата како и разгледува прашања од областа на локалниот економски развој што предвидува: планирање на локален економски развој, утврдување развони и структурни приоритети на општината,поддршка на развој на мали и средни претпријатија и предприемништво во општината, водење на локална економска политика, учество во воспоставување на локална мрежа и институции и агенции и промовирање на партнерство и предлага мерки за нивно реализирање.

**д) Комисија за јавни дејности**

**Член 110**

Комисијата за јавни дејности, во рамките на правата и должностите на Општината, ги разгледува прашањата од областа на културата и по нив дава иницијативи, мислења и предлози до Советот, прашањата од областа на социјалната и заштита на децата, предучилишното воспитување и згрижување, основното и средното образование,основната здравствена заштита; прашања за доделување на награди и признанија ,прашања што се однесуваат на млади и младинска политика и други прашања од надлежностите на комисијата и по нив му дава мислења и предлози на Советот.

**ѓ)Комисијата за спорт**

**Член 111**

Комисијата за спорт, разгледува прашања кои се однесуваат на развој на масовниот спорт и рекреативните активности, спортски приредби,настани и манифестации и други прашања од значење за спортот како и други прашања од надлежностите на комисијата и по нив му дава мислења и предлози на Советот.

**е) Комисија за Статут и прописи**

**Член 112**

Комисијата за Статут и прописи го утврдува предлогот на Статутот на Општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на Статутот и ја следи неговата примена и ги разгледува начелните прашања од статусен карактер; го утврдува предлогот на Деловникот за работа на Советот; ги подготвува предлог-мислењата по предлог-законите кои се однесуваат на Општината,разгледува прашања поврзани со имотот и сопственоста на општината,разгледува и други општи акти и постапува по насоки од надлежни институции;ги утврдува и пречистените текстови на актите донесени од Советот и ги доставува до Градоначалникот за објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Доколку Комисијата за статут и прописи констатира дека поднесениот амандман не е во согласност со Деловникот на Советот на Општина Велес, ќе му укаже на подносителот да ги отстрани констатираните недостатоци за да може да се разгледува на седница.

**ж) Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите**

**Член 113**

Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите, гради стратегија за еднакво учество на жените и мажите во сите сфери од јавниот и општествениот живот; презема основи и посебни мерки за подигање на свеста за промена на нееднаквостите помеѓу жените и мажите во социјалните структури и процеси; изработува и спроведува акциони планови за потикнување и унапрдување на еднакви можности; расправа за прашања од областа за која е формирана; разгледува предлози од Градоначалникот;члeновите на Советот и иницијативи од граѓани од оваа област; дава мислења и прелози до Советот, соработува со здруженија на граѓани и невладини организации и доколку е потребно на седницата на која разгледува прашања може да поканува и експерти од таа област.

**з) Комисија за заштита на правата на децата**

**Член 114**

Комисијата е составена од членови на Советот со цел да ги негува, промовира и штити правата, интересите и добросостојбата на децата.

Работата на Комисијата се базира на:

-Обврските што произлегуваат од ратификацијата на Конвенцијата за правата на детето,

-од целите зацртани во НАП, и

-од надлежностите на општината.

Комисијата за заштита на правата на децата изготвува Локален акционен план, ги имплементира активностите за унапредување на положбата на правата на детето и создава услови за активно вклучување на младите во заедницата.

Комисијата за заштита на правата на децата се залага за континуиран мониторинг на прашањата од оббласта на социјалниот развој и опфат на специфични ранливи групи преку:

- Издигнување на свеста и вметнување на перспективата на правата на детето во процесот на донесување одлуки во општината.
- Создавање на институционални капацитети и човечки ресурси за планирање и буџетирање на правата на децата на општинско ниво.
- Издигнување на јавна свест и развивање на перспектива на правата на детето во локалната заедница.
- Во својата работа Комисијата ќе се води од прирачникот за Конвенцијата за правата на детето.“

**Член 115**

**ѕ) Комисија за унапредување на правата на пациентите**

Комисијата ја сочинуваат 11 члена со мандат од две години со право на уште еден последователен избор и тоа: двајца претставници на пациентите - членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници од здруженија што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи, еден претставник од здружение која се занимава со правата на жените, еден претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост, двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од советот на општината.

Ги именува Советот на Општината по предлог на Комисијата за мандатни прашања избори и именувања.

Комисијата ги врши следните работи:

1) унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жени жртви на насилство;

2) ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;

3) предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;

4) соработува со надлежните органи;

5) разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи;

6) ара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата; 7) води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;

8) подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред советот на општината, односно градот Скопје;

9) издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и 10) врши и други работи пропишани со овој закон.

Комисијата донесува деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на работа.

**и) Комисија за определување на улици, плоштади,мостови и други инфраструктурни објекти** разгледува прашања поврзани со начинот на определување на име на улица,плоштад,мостови и друг инфраструктурен објект.

**ј) Комисијата за Програма за работа на советот,** ја изработува програмата за работа на советот и дава предлог до Советот за нејзино донесување. Претседателот на Советот е претседател на комисијата.

**к) Комисија за склучување на бракови** ја сочинуваат сите членови на Советот и истите учествуваат во склучување на брак согласно Законот за семејство.

**л) Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Велес**.

Комисијата ја спроведува во целост постапката по јавен оглас (конкурс) за избор на талентирани ученици и студенти на Општина Велес за соодветната учебна година.

**Член 116**

Повремените комисии Советот ги формира заради проучување на определено прашање кое не спаѓа во делокругот на постојаните комисии, како и во други случаи кога за тоа ќе се укаже потреба.

Повремената комисија престанува со работа кога ќе ја изврши задачата заради која е формирана и во други случаи кога Советот за тоа ќе одлучи.

**4. Начин на работа**

**Член 117**

Комисиите работат на седници.

Претседателот на комисијата е должен да свика седница ако тоа го бара претседателот на Советот или ако тоа го бараат најмалку 3 членови на комисијата, наведувајќи го прашањето со доставување на писмен материјал, што треба да се стави на дневен ред на седница.

Ако претседателот не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата е должен да ја свика претседателот на Советот.

Ако по барање на најмалку 3 членови на комисијата, седница не свика ниту претседателот на комисијата, ниту претседателот на Советот, седницата ќе ја свикаат членовите на комисијата, кои тоа го барале.

Поканата за седница на комисијата со предлогот на дневниот ред се доставуваат заедно со материјалите што ќе се разгледуваат на седницата најдоцна 7 дена пред денот на одржување на седницата.

По исклучок, претседателот може да свика седница и во пократок рок.

За свиканата седница се известуваат предлагачите на точките што се на дневен ред, со цел да определат претставници за присуство.

**Член 118**

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 119**

Комисиите можат да работат ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата. Комисиите одлучуваат со мнозинство гласови на присутните членови на комисијата.

**Член 120**

За работата на Комисиите, од страна на претставници на општинската администрација од соодвената област се изготвуваат извештаи или записници од седницата на комисиите кои содржат податоци за одлучувањето по предложените точки.

Извештаите и записниците од седниците на комисиите ги потпишува претседателот или заменик претседател на соодветната комисија.

Истите се доставуваат до сите членови на совет.

**Член 121**

Иницијатива за внесување одделни прашања во предлогот на дневниот ред на седницата на комисијата можат да дадат членови на Советот, други комисии на Советот, како и јавните служби, установи и претпријатија основани од Советот, како и здруженија на граѓани и други невладини организации.

**Член 122**

Комисијата може да му предложи на Советот да ја одложи расправата на одделна точка што комисијата ја разгледувала, а која е содржана во предлогот на дневниот ред за седницата на Советот

**Член 123**

Комисиите на Советот разгледуваат прашања од својот делокруг по сопствена иницијатива, а се должни да го разгледаат секое прашање од својот делокруг, чие разгледување ќе го побара претседателот на Советот и Градоначалникот.

**Член 124**

На седницата на комисијата задолжително присуствува предлагачот или негов претставник.

Предлагачот или претставникот на предлагачот има право на седницата на комисијата да учествува во расправата по предлогот што го поднел.

**Член 125**

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што и се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да води евидентиција.

**Член 126**

Комисијата може да побара на свои седници да присуствуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на комисијата.

## VI. ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА

**Член 127**

Работата на Советот се одвива според Програма за работа на Советот.

Програмата за работа ја донесува Советот за една календарска година, по предлог на Комисијата што Советот ја формира од редот на своите членови.

**Член 128**

Основа за изработка на Програмата за работа на Советот се работите што со закон се ставени во надлежност на Советот.

**Член 129**

Предлози за внесување на одделни задачи и работи во Програмата за работа на Советот можат да поднесуваат:

-членовите на Советот, комисиите, посебните тела на Општината и Градоначалникот;

-органите на државната управа;

-јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината;

-јавните претпријатија што вршат работи од значење и интерес за Општината;

-облиците на месна самоуправа; -здруженијата на граѓани и

-други заинтересирани субјекти.

**Член 130**

Програмата за работа на Советот особено содржи:

-назив на одлуките и другите општи акти и прашањата, односно темите што ќе ги разгледува Советот;

-субјектите задолжени за изготвување на актите и другите материјали и субјектите кои соработуваат во извршувањето на задачите и работите;

-предлагач на актите и другите материјали;

-државните органи од кои ќе се бара согласност за актите, доколку давањето согласност е предвидено со закон;
-роковите во кои одделни работи треба да се извршат.

Во Програмата за работа се назначува кои документи се даваат на јавна или стручна расправа или на друг облик на непосредно изјаснување на граѓаните.

**Член 131**

Задолжените субјекти се должни во предвидените рокови тие акти и материјали да му ги поднесат на Советот на разгледување и усвојување.
Доколку од одредени причини тоа не е можно, тој е должен за тоа навреме да го извести Советот и да ги наведе причините заради кои не може да ги изврши програмираните задачи во предвидениот рок.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

**Член 132**

Советот ја известува јавноста за прашањата што се разгледуваат и за кои се одлучува во Советот, за своите одлуки и ставови по тие прашања, како и за работата на комисиите, при што развива и користи најразлични форми за известување.

**Член 133**

Претставниците на средствата за јавно информирање имаат право да присуствуваат на седниците на Советот и на комисиите и да ја известуваат јавноста за нивната работа.

За седница на Советот или комисијата на која се расправа некое прашање без присуство на јавноста, претседателот на Советот или претседателот на комисијата може да ја извести јавноста преку давање соопштение.

**Член 134**

На претставниците на средствата за јавно информирање им се ставаат на располагање нацртите и предлозите на прописите, информативните и документационите материјали, извештаите за работа на комисиите на Советот и записниците од седниците на Советот, освен ако одделно прашање се разгледува без присуство на јавноста.

**Член 135**

Советот може да одлучи нацрт или предлогот на определена одлука или на друг општ акт кој се расправа во Советот, да се објави преку печатот или во посебна публикација.

**Член 136**

Советот може заради известување на јавноста за својата работа да одлучи да се даде официјално соопштение на средствата за јавно информирање.

**Член 137**

Конференција за печатот по прашања од надлежност на Советот, односно во врска со неговата работа, одржува претседателот на Советот, по сопствена иницијатива или кога така ќе одлучи Советот.

Претседателот на Советот, односно Советот може да определат друг член на Советот, кој ќе ја одржи конференцијата за печат.

## VIII. АКТИ НА СОВЕТОТ

**Член 138**

Советот донесува прописи за уредување на прашањата од своја надлежност и го следи нивното извршување.

Советот донесува Статут, Деловник на Советот, Буџет на општината и Годишна сметка на општината, програми, планови, одлуки, решенија, правилници, заклучоци и други акти.

**Член 139**

Со заклучок Советот, во рамките на својот делокруг, може да утврдува обврски на Градоначалникот и на јавните служби основани од Општината, во однос на подготвувањето на одлуки или на други општи акти или во однос на вршењето на други работи од нивниот делокруг.

Со заклучок Советот утврдува оценки, односно констатации за состојбите и зазема ставови и гледишта во врска со прашањата и информациите што ги расправа.

Советот на Општината со заклучок:
-донесува Буџет и годишната сметка на општината;
-донесува Годишни програми на општината;
-усвојува/неусвојува извештаи за извршување на буџетот на Општина Велес;

-усвојува/неусвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање; извештаи за работа,годишни сметки на јавните служби,установи и претпријатија кои ги основала општината;
-разгледува/усвојува/неусвојува извештај или информација за јавната безбедност за подрачјето на општината;
- прифаќа/неприфаќа поднесени иницијативи;
-недонесува акт(одлука,решение,извештај и сл.);

Советот може да донесе Заклучок за преземање односно непреземање определено дејствие.

**Член 140**

Решение е конкретен и конечен акт со кој Советот решава за поединечни работи.

**Член 141**

Советот со решение одлучува за давање согласност на барањето за давање согласност на Статутот, јавната служба, установа и претпријатие основани од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност.

Доколку Советот не даде согласност, со заклучок ќе го задолжи субјектот кој бара согласност н а Статутот да изврши усогласување на Статутот по прашањата кои биле причина да не се даде бараната согласност.Корегираниот статут усогласен по дадените забелешки ќе се достави на некоја од наредните седници во рок утврден согласно закон.

**Член 142**

На седницата на Советот на која се расправа за давање согласност на статутот на јавна служба, установа и претпријатие основано од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност се поканува и претставник на подносителот на статутот.

**Член 143**

Статутот на јавната служба, установа и претпријатие основани од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност, се применува од денот на влегување во сила на дадената согласност.

**Член 144**

Прописите и другите општи и поединечни акти донесени на седница на Советот ги потпишува претседателот на Советот.
На оригиналите на прописите и на другите акти се става печатот на Совет на Општината.
Оригиналите на прописите и на другите акти на Советот се чуваат во архивата на Општината.
За чувањето и евиденција на оригиналите на прописите и на другите акти на Советот се грижи општинската администрација.

**Член 145**

Актите влегуваат во сила 8 осмиот ден од денот на објавувањето во службен гласник, а по исклучок, најрано со денот на донесување.

## IX. ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

### 1. Поведување на постапка

**Член 146**

Одлуките од своја надлежност Советот ги донесува по предлог на Градоначалникот, на член на Советот и јавните служби, установи и претпријатија основани од општината.
Предлог за донесување одлука од надлежност на Советот може да поднесат и надлежните комисии на Советот.

**Член 147**

Советот донесува одлуки од своја надлежност и на иницијатива поднесена од членовите на Советот, облиците на месна самоуправа, здруженијата на граѓани, граѓаните и други субјекти.
Иницијативата му се доставува на претседателот на Советот, кој ја упатува на Градоначалникот заради давање мислење.
Доколку Градоначалникот ја прифати иницијативата,истата ќе биде ставена како точка на дневен ред кога ќе има услови за тоа.
Ако Градоначалникот смета дека нема потреба од донесување одлука, за тоа ќе го изве сти претседател от н а С оветот и подносителот на иницијативата, наведувајќи ги причините за тоа.
Ако подносителот на иницијативата смета дека причините не се оправдани, тој може својата иницијатива повторно да ја поднесе преку претседателот на Советот.
Повторната иницијатива за донесување на одлука се гласа да стане составен дел од дневниот ред

на седницата и се отвара расправа по истата заедно со мислењето на Градоначалникот.
Отткако ќе ја разгледа повторната иницијатива, Советот може со заклучок да го задолжи Градоначалникот да изготви и поднесе предлог одлука, доколку советот ја прифати иницијативата.
За ставот што ќе го заземе по повторната иницијатива за донесување на одлука, Советот писмено ќе го извести подносителот на иницијативата.

**2. Предлог одлука**

**Член 148**

Градоначалникот и другите предлагачи своите предлози за уредување на определени прашања од надлежност на Советот ги поднесуваат, по правило, во форма на предлог одлуки.
По исклучок Статутот и деловникот задолжително се поднесуваат во форма на нацрт и предлог,односно се донесуваат во две фази.

**Член 149**

Предлогот одлуката ги содржи причините поради кои треба да се донесе одлуката , содржината на одлуката и образложение.

**Член 150**

Причините за донесување на одлуката ги содржат:

-правните основи по кои соодветните прашања можат да се уредуваат;
-целта што се сака да се постигне со уредувањето на односите на предложениот начин, како и последиците што ќе произлезат од предложените решенија, и
-финансиски средства потребни за спроведување на одлуката и начинот на обезбедување на тие средства.

**Член 151**

Текстот на одлуката мора да биде образложен.
Образложението особено ги опфаќа: правните основи за уредување на односите содржани во одлуката; причините поради кои се донесува одлуката; оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со одлука и извршувањето на постојните прописи во таа област; финансиските средства потребни за спроведување на одлуката и начинот на нивното обезбедување, дали спроведувањето на одлуката повлекува материјални обврски за граѓаните, стопанските и други субјекти, како и други околности што се од значење за прашањата што се уредуваат со одлуката.
Кон образложението на одлуката со која се вршат измени и дополнувања на постојна одлука, се приложуваат и одредбите на одлуката што се менува односно дополнува.
Кон предлогот се поднесува и придружната документација за сложени и обемни прашања, а особено податоци за начинот на обезбедување на финансиските средства потребни за спроведување на одлуката.

**3. Претрес/расправа на одлука**

**Член 152**

Претресот на одлуката, на седницата на Советот, по правило е единствен, доколку Советот не одлучи да води расправа по делови, односно членови.

**Член 153**

Советот може да одлучи да води одделно расправа во начело заради изјаснување за причините и потребата од донесување на предложената одлука и расправа по содржината на одлуката.
Во текот на претресот за предлогот во начело можат да се изнесуваат мислења, да се бараат појаснувања и да се покренуваат други прашања во поглед на причините за донесување, правните основи и целисходноста на решенијата што се дадени во одлуката.

**Член 154**

Предлагачот на одлуката, односно неговиот претставник има право во текот на целиот претрес на одлук ата да дава образложенија, појаснувања и да изнесува свои мислења.

**Член 155**

Градоначалникот, односно претставникот што тој го овластил може да учествува во текот на целиот претрес на одлуката на седницата на Советот и кога не е предлагач на одлуката.
Предлагачот може да ја повлече предлог одлуката во секој момент се до заклучувањето на претресот.

**4. Амандмани**

**Член 156**

Амандмани се поднесуваат за измена или дополнување на решенијата содржани во предлогот актите (одлуки, решенија, програми и сл) за кои се води претрес на седницата на Советот.

**Член 157**

Амандманот се поднесува писмено.

Амандманот мора да биде образложен.

Ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, подносителот на амандманот е должен истовремено да укаже и на можностите за обезбедување на тие средства.

**Член 158**

Од страна на членови на советот,амандман може, по правило, да се поднесе најдоцна 2 (два) дена пред денот определен за одржување на седницата на Советот на која ќе се претресува предлогот одлуката, а се поднесува преку претседателот на Советот.

Од страна на Градоначалникот амандман се поднесува се до заклучување на претресот по предлог актите.

По амандманот поднесен од страна на градоначалникот не се води расправа и за него не се гласа. Истиот се смета за составен дел на предлог одлуката.

**Член 159**

Претседателот на Советот веднаш им го доставува амандманот на сите членови на Советот и на Градоначалникот и кога тој не е предлагач на одлука.

Амандманот на предлогот на одлука, претседателот на Советот го доставува и на Комисијата за Статут и прописи, за да го проучи и на Советот да му достави извештај.

**Член 160**

Ако амандманот на предлогот на одлука содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, претседателот на Советот амандманот веднаш ќе го достави и на комисијата во чиј делокруг спаѓаат прашањата на буџетот, за да го проучи влијанието на амандманот врз средствата со кои се располага и можните извори за финансирање на предложените решенија и за тоа да го извести Советот.

**Член 161**

Кога амандманот се поднесува во текот на претресот на предл ог одлуката, претседателот на Советот ќе ја прекине седницата и ќе даде пауза за да можат подносителите да го изготват амандманот.

**Член 162**

Ако усвојувањето на амандманот повлекува поважни измени на текстот на предлог одлуката, за амандманот не може да се одлучи на седницата на Советот додека надлежната комисија и Комисијата за Статут и прописи не му поднесат извештај за тој амандман.

**Член 163**

За амандманот се води посебен претрес на седница на Советот.

За амандманот има право да се изјасни предлагачот на одлука и Претседателот на комисијата која ја претресувала одлуката.

Градоначалникот има право да се изјаснува за амандманите и кога тој не ја поднел предлог одлуката,а советот одлучува по однос на амандманот.

**Член 164**

По амандман на предлог одлуката, поднесен во текот на претресот на предлог одлуката, Советот може да одлучи расправата да се одложи и да продолжи на една од наредните седници или расправата да се прекине, додека надлежната комисија и Комисијата за Статут и прописи не го проучат амандманот.

Советот ќе го одложи претресот на предлог одлуката ако предлагачот на одлуката, Градоначалникот или надлежната комисија и Комисијата за Статут и прописи побараат одлучувањето по амандманот да се одложи за да можат амандманот да го проучат и по него да се изјаснат.

**Член 165**

За амандманите се одлучува пред да се расправа по предлог одлуката на која се однесува амандманот.

**Член 166**

Ако на ист член од предлог одлуката се поднесени два или повеќе различни амандмани,

за амандманите се гласа според редот по кој се поднесени.

Амандманот кој што добил мнозинство гласнови станува составен дел на предлог одлуката на која се однесува.

**Член 167**

Доколку со некој од амандманите се предлага бришење на одделен член од предлог одлуката, прво се гласа за тој амандман и ако тој амандман биде усвоен, нема да се гласа за другите амандмани на тој член.

## 5. Итна постапка за донесување на одлука

**Член 168**

Одлука може да се донесе и по итна постапка на седница на Советот.

Предлагачот доставува Известување со образложение за потребата од донесување на Одлука по итна постапка, прилог материјали по точката и претставник кој ќе присуствува на седница и ќе даде образложение по истата.

Предлог одлуката што се предлага да се донесе по итна постапка може да се достави на самата седница и предлагачот е должен да ја образложи потребата од донесувањето на Одлуката по итна постапка.

По итна постапка може да се донесе само одлука со која се уредуваат такви прашања за чие уредување постои вистинска и неодложна потреба и ако одложувањето на уредувањето на тие прашања би имало поголеми штетни последици.

**Член 169**

Советот отвора расправа за оправданоста на предлогот да се донесе одлука по итна постапка.

Ако Советот го усвои предлогот одлуката да се донесе по итна постапка, се пристапува кон расправа по предлогот на одлуката.

**Член 170**

Советот може пред или во текот на расправата, да побара од Комисијата за Статут и прописи, итно да поднесе свое мислење и предлози по предлог одлуката.

**Член 171**

На предлог одлуката што се донесува по итна постапка секој член на Советот може да по днесува амандмани до заклучувањето на расправата.

Ако со усвојувањето на амандманот би биле предизвикани побитни измени во текстот на предлогот на одлуката, односно ако со амандманот се ангажираат финансиски средства, задолжително ќе се побара мислење од надлежната комисија за финансиски прашања и од Комисијата за Статут и прописи.

Комисијата за Статут и прописи и надлежната Комисија за финансиски прашања се должни веднаш да го разгледаат амандманот и на Советот да му поднесат извештај.

## 6.Јавни трибини,анкети и предлози

**Член 172**

При изготвувањето на прописите на општината, советот, односно Градоначалникот може претходно да организира јавни трибини, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

Советот самостојно, на предлог на Градоначалникот или кога е тоа предвидено со закон, ќе донесе заклучок за организирање јавна или стручна трибина (расправа) по предлог одлуки и други општи акти за кои ќе се оцени дека се од особено значење за граѓаните на општината. Од страна на здруженија на граѓани,спортски клубови,невладини организации и урбани и месни заедници се доставуваат барања, предлози и мислења на утврден образец кои ќе бидат разгледани и ќе се земат во предвид при креирање на предлог програмите и предлог буџетот, согласно можностите на општината, во рок од 30 дена пред денот утврден за доставување на материјали за седница кои се однесуваат на предлог програмите и предлог буџетот.

За точниот датум, засегнатите страни и јавноста ќе бидат информирани со соодветно соопштение на официјалната страна на општината и по елктронска пошта.

## X.ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

**Член 173**

Градоначалникот има право и должност да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот.

**Член 174**

Градоначалникот може да определи свои претставници за седниците на Советот и комисиите.

Претставникот на Градоначалникот присуствува на седниците на Советот и комисиите и дава известувања и образложенија за предлогот на актот и за другите прашања кои се на дневен ред на седницата.

**Член 175**

Претседателот на Советот и претседателите на комисиите задолжително го известуваат Градоначалникот за закажаните седници.

## XI.ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ, УСТАНОВИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Член 176**

Советот може да побара од Градоначалникот или од органите на управување на јавните служби што ги основала Општината, извештај за состојбите во определена област, за спроведување на политиката и за извршување на прописите и другите општи акти, што ги донел Советот во рамките на својата надлежност, како и за други задачи за кои се овластени од страна на Советот.

Јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината, можат и по сопствена иницијатива да го известуваат Советот за с остојбата во с оодветната област, за спроведување на политиката и за извршување на прописите и другите општи акти што ги донел Советот, како и за други прашања од својот делокруг, согласно законски предвидениот рок.

Член 177

Советот и неговите комисии можат, во рамките на својот делокруг, да бараат јавните служби, установи и претпријатија:

-да проучат определено прашање од својот делокруг и за тоа да им поднесат извештај;

-да ги известат за состојбите и појавите од областа на својот делокруг;

-да ги известат за спроведувањето на политиката што ја утврдил Советот и за извршувањето на одлуките, другите прописи и општи акти и за одделни прашања од областа на својот делокруг;

-да изготват предлог одлука, на друг пропис или општ акт од областа на својот делокруг и

-да им ги достават податоците со кои располагаат или што се должни во својот делокруг да ги собираат и евидентираат, како и списите и другите материјали потребни за работа на Советот и неговите работни тела.

Ако субјектот од став 1 на овој член смета дека не може да постапи по барањето на Советот и неговата комисија, ќе ги извести за тоа Советот, комисијата и Градоначалникот и ќе ги изнесе причините поради кои не може да го стори тоа.

**Член 178**

Советот и комисиите ги известуваат јавните служби, установи и претпријатија за седниците на кои ќе бидат претресувани прашања кои се однесуваат од областа на нивниот делокруг, заради учество на нивни претставници на тие седници.

**Член 179**

Раководните лица имаат право и должност да учествуваат во работата на седниците на Советот, кога на тие седници се претресувани предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на јавните служби, установи и претпријатија, со кои тие раководат или друго прашање кое се однесува на областа од нивниот делокруг.

На седниците на Советот, раководните лица даваат известувања и објаснувања за прашањата што се разгледуваат, а се должни по барање, да даваат такви известувања и објаснувања и по писмен пат.

**Член 180**

Раководните лица се должни по барање од комисиите на Советот, да учествуваат во работата на нивните седници, кога се разгледува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на делокругот на јавните служби, установи и претпријатија, со кои тие раководат.

**Член 181**

Ако раководното лице е спречено да учествува во работата на седницата на Советот или на работното тело може да определи во работата на седницата да учествува негов претставник.

## XII. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

**Член 182**

Меѓусебните односи на Советот со советите на други општини се остваруваат во рамките утврдени со закон, Статутот на Општината и овој Деловник.

Советот соработува со советите на други општини и со нив развива меѓусебни односи во остварувањето на задачите од заеднички интерес, а особено во поглед на создавањето на што поповолни услови за остварување на правата на граѓаните.

**Член 183**

Советот може да соработува со советите на општините во постапката за подготвување на прописи и други акти од заеднички интерес, заради усогласување на ставовите и изнаоѓање на заеднички организациони и други решенија за вршење на надлежностите на општините.

**Член 184**

Соработката на Советот на Општината со советите на други општини се заснова врз начелата на рамноправност и координација во сите фази на подготвување и спроведување на прописите и другите општи акти од заеднички интерес.

**Член 185**

Соработката на Советот со советите на други општини, може да се врши со размена на информативни, документациони и други материјали, со формирање на заеднички работни групи за проучување на одредени прашања од интерес за општините, како и други видови на меѓусебна соработка.

## XIII. ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА СОВЕТОТ

**Член 186**

Стручните и другите работи за потребите на Советот и неговите комисии и за членовите на Советот ги врши општинската администрација.

Општинската администрација:
-учествува во подготвувањето на Програмата за работа на Советот,
-учествува во подготвувањето на седниците на Советот и на работните тела,
-учествува во подготвувањето на одлуки и други општи акти и други материјали,
-им дава стручна помош на членовите на Советот,
-врши информативно-документациони работи за потребите на Советот,
-обезбедува неопходни услови за работа на членовите на Советот; и
-врши административно-технички и други работи за потребите на Советот и комисиите.

## XIV. Донесување, измена и дополнување на Деловникот

**Член 187**

Деловникот го донесува Советот на предлог доставен од претседател на совет или Градоначалник.

Деловникот се носи во две фази:нацрт и предлог деловник.

Предлог одлука за изменување и дополнување на Деловникот може да поднесат претседателот, членовите на Советот и Градоначалникот.

Предлог одлуката за изменување и дополнување на Деловникот се доставува во писмена форма.

**Член 188**

Деловникот на Советот се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 188**

Советот го утврдува текстот на Нацрт – Деловникот на Советот на Општина Велес.

Сите забелешки кон Нацрт – Деловникот на Советот на Општина Велес кои ќе бидат прифатени на расправата по точката на седницата, ќе бидат составен дел на текстот кој ќе биде изготвен во Предлог - Деловникот на Советот на Општина Велес и истиот ќе биде доставен на Советот на Општина Велес на разгледување на една од наредните седници.

**Член 189**

Овој Нацрт-Деловник на Советот на Општина Велес влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 09-569/3
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.3**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/3
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2026 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/4
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21) и член 134 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/07,3/09, 18/10 и 1/21), по предлог на Комисијата за изготвување на Програмата на Советот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 7-та седницата одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Велес**
**за 2026 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2026 година се:

-Програмирање на работата на Советот за тековната година;

-Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;

-Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;

-Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2026 година.

## II.АКТИВНОСТИ

**I-во тримесечје**

| Ред.бр. | Наслов | Рок на разгледување на материјалот | Предлагач | Изготвувач |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) на Општина Велес за квартал 01.01.2025 до 31.12.2025 година | I-во тримесечје<br>февруари | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Завршна сметка на Општина Велес за 2025 година | I-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 3. | Завршна сметка за 2025 година на општинските основни училишта | I-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | ООУ | Општински основни училишта |
| 4. | Завршна сметка за 2025 година на општинските средни училишта | I-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | ОСУ | Општински средни училишта |
| 5. | Завршна сметка за 2025 година на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес | I-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес“ | ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес |
| 6. | Завршна сметка за 2025 година на Локална библиотека „Гоце Делчев“ | I-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Локална библиотека „Гоце Делчев“ | Локална библиотека „Гоце Делчев“ |
| 7. | Завршна сметка за 2025 година на Локална установа „Народен музеј“ | I-во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Локална установа | Локална установа „Народен музеј“ |
| 8. | Завршна сметка за 2025 година на Општинската | I-во тримесечје | Јавна установа | Општинската јавна установа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес | најдоцна до 15 март | | за деца Детска градинка „Димче Мирчев“Велес |
| 9. | Завршна сметка за 2025 година на ЈКП „Дервен“ | **I-**во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 10. | План за работа на ЈКП „Дервен„ за 2026 година | **I-**во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 11. | Завршна сметка за 2025 година на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ Велес | **I-**во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Јавно претпријатие | ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ Велес |
| 12. | Годишен извештај за 2025 година на Општина Велес | **I-**во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања и одговорен сметководител |
| 13. | Годишен извештај за јавната безбедност на подрачјето на Општината за 2025 година | **I-**во тримесечје | СВР | СВР-Велес |
| 14. | Програми за реализирање на ученички екскурзии и други слободни активности | **I-**во тримесечје<br>(30 дена пред нивно изведување**)** | ООУ | Општински основни училишта |
| 15. | Годишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“ Велес за 2025 година | **I-**во тримесечје | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 16. | Годишен извештај за работата на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“’Велес за 2025 година | **I-**во тримесечје | Јавно претпријатие | ЈПССО „Парк спорт“ |
| 17. | Квартален извештај на<br>ЗЈП РЦ Стационар „Шепа“Кавадарци за период од 01.10.2025 год. до 31.12.2025 год. | **I-**во тримесечје | ЗЈП | ЗЈП Стационар Шепа |
| 18. | Годишен извештај за работа на ЗЈП РЦ Стационар | **I-**во тримесечје | ЗЈП | ЗЈП Стационар Шепа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | „Шепа“Кавадарци за 2025 година | | | |
| 19. | Завршна сметка на ЗЈП РЦ Стационар „Шепа“Кавадарци за 2025 година | **I-**во тримесечје<br>најдоцна до 15 март | ЗЈП | ЗЈП Стационар Шепа |
| 20. | Извештај за работата на<br><br>Локална библиотека „Гоце Делчев“2025 година | **I -**во тримесечје | ЛБ „Гоце Делчев„ | Локална библиотека „Гоце Делчев“ |
| 21. | Извештај за работата на Локалната установа „Народен музеј“ за 2026 година. | I -во тримесечје | Локалната установа „Народен музеј“ | Локалната установа „Народен музеј“ |
| 22. | Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2025 година | **I-**во тримесечје<br>најдоцна до 31 март | ВПР | Центар за Вардарски плански регион |
| 23. | Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2025 година | **I-**во тримесечје | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 24. | Годишен извештај за реализација на Програмата за подигнување и уредување на нови зелени површини за 2025 година | **I-**во тримесечје | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 25. | Годишен извештај за реализација на Програмата за уредување на јавно зеленило за 2025 година | **I-**во тримесечје | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 26. | Информација за движењето на акутните заразни заболувања на подрачјето на Општина Велес за 2025 година | **I-**во тримесечје | ЈЗУ ЦЈЗ Велес | ЈЗУ ЦЈЗ Велес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27. | Информација за состојбата со водоснабдувањето и безбедноста на водата за пиење во Општина Велес во 2025 година | **I**-во тримесечје<br>март | ЈЗУ ЦЈЗ Велес | ЈЗУ ЦЈЗ Велес |
| 28. | Информација за санитарно-хигиенската состојба на водата во акумулацијата Езеро Младост во 2025 година | **I**-во тримесечје<br>март | ЈЗУ ЦЈЗ Велес | ЈЗУ ЦЈЗ Велес |
| 29. | Информација за следење на безбедноста и биолошкиот квалитет на исхраната во ОЈУДГ „Димче Мирчев“, ООУ „Блаже Конески“ и ОУД „Лазар Лазаревски“ во 2025 година. | **I**-во тримесечје<br>март | ЈЗУ ЦЈЗ Велес | ЈЗУ ЦЈЗ Велес |
| 30. | Оперативна Програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на општина Велес за 2026 година | **I**- во тримесечје | Градоначалник | Одделение за животна средина |
| 31. | Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2026 година. | **I**-во тримесечје | Комисија за изготвување на Програмата | Одделение за правни и општи работи и месна<br>самоуправа |
| 32. | Програма за хуман третман и<br>благосостојба на бездомни животни на Заедничкото јавно<br>претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни<br>миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА<br>Кавадарци за 2026 година | **I –**во тримесечје | ЗЈП „Шепа“ | ЗЈП „Шепа“ |

**II-ро тримесечје**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај на Општина Велес за I квартал 2026 година | **II-**ро тримесечје<br>мај | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Тримесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“2026 година | **II-**ро тримесечје<br>(најдоцна 35 дена<br>по истек на тримесечјето) | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 3. | Тримесечен извештај за работата на ЈП„Парк-спорт и паркинзи“ 2026 година | **II-**ро тримесечје<br>(најдоцна 35 дена<br>по истек на тримесечјето) | Јавно претпријатие | ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ |
| 4 | Тримесечен извештај за работата на ЗЈП РЦ Стационар „Шепа“Кавадарци<br>за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 | **II-**ро тримесечје<br>(најдоцна 35 дена<br>по истек на тримесечјето) | ЗЈП | ЗЈП Стационар Шепа |

**III-то тримесечје**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај на Општина Велес за II квартал 2026 година | **III-**то тримесечје<br>август | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Полугодишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“ 2026 година | **III-**то тримесечје септември | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 3. | Полугодишен извештај за работата на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“2026 година | **III-**то тримесечје<br>септември | Јавно претпријатие | ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Тримесечен извештај за работата на ЗЈП РЦ Стационар „Шепа“Кавадарци за период од 01.04.2026 до 30.06.2026 | **III**-то тримесечје | ЈП | ЗЈП Стационар Шепа |
| 5. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ | **III**-то тримесечје 30 септември | СОУ | СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ |
| 6. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ | **III**-то тримесечје 30 септември | ОСУ | ОСУ „Јовче Тесличков“ |
| 7. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ССОУ „Димитрија Чуповски“ | **III**-то тримесечје 30 септември | ССОУ | ССОУ „Димитрија Чуповски“ |
| 8. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ОУД „Лазар Лазаревски“ | **III**-то тримесечје Најдоцна до 15 септември | ОУД | ОУД „Лазар Лазаревски“ |
| 9. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ООУ „Васил Главинов“ | **III**-то тримесечје До 31 август | ООУ | ООУ „Васил Главинов“ |
| 10. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ООУ „Блаже Конески“ | **III**-то тримесечје До 31 август | ООУ | ООУ „Блаже Конески“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ | **III**-то тримесечје<br>До 31 август | ООУ | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ |
| 12. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ООУ „Панко Брашнаров“ | **III**-то тримесечје<br>До 31 август | ООУ | ООУ „Панко Брашнаров“ |
| 13. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари | **III**-то тримесечје<br>До 31 август | ООУ | ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари |
| 14. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци | **III**-то тримесечје<br>До 31 август | ООУ | ООУ „Стојан Бурчевски Буридан “ с. Иванковци |
| 15. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ООУ „Лирија“ с. Бузалково | **III**-то тримесечје<br>До 31 август | ООУ | ООУ „Лирија“ село Бузалково |
| 16. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2025/2026 година на ООМУ „Стефан Гајдов“ | **III**-то тримесечје<br>До 31 август | ООМУ | ООМУ „Стефан Гајдов“ |
| 17. | Годишна програма за работа на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ во учебната 2025/2026 година | **III**-то тримесечје<br>најдоцна до 30 септември | ОСУ | ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ |
| 18. | Годишна програма за работа на ОСУ „ Јовче Тесличков“<br>во учебната 2026/2027 година. | **III**-то тримесечје<br>најдоцна до 30 септември | ОСУ | ОСУ „ Јовче Тесличков“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. | Годишна програма за работа на ОССУ „Димитрија Чуповски“ во учебната 2026/2027 година. | **III**-то тримесечје најдоцна до 30 септември | ОССУ | ССОУ „Димитрија Чуповски“ |
| 20. | Годишна програма за работа на ОУД „Лазар Лазаревски“ во учебната 2026/2027 година. | **III**-то тримесечје најдоцна до 15 септември | ОУД | ОУД „Лазар Лазаревски“ |
| 21. | Годишна програма за работа на ООУ „Васил Главинов“ во учебната 2026/2027 година. | **III-**то тримесечје најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Васил Главинов“ |
| 22. | Годишна програма за работа на ООУ „Блаже Конески“ во учебната 2026/2027 година. | **III-**то тримесечје најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Блаже Конески“ |
| 23. | Годишна програма за работа на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ во учебната 2026/2027 година. | **III-**то тримесечје најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ |
| 24. | Годишна програма за работа на ООУ „ Панко Брашнаров“ во учебната 2026/2027 година. | **III-**то тримесечје најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Панко Брашнаров“ |
| 25. | Развојна програма за работа на ООУ „ Панко Брашнаров“за период од 2026-2029 година | | ООУ | ООУ „Панко Брашнаров“ |
| 25. | Развојна програма за работа на ООУ „ Рајко Жинзифов“за период од 2026-2029 година | | ООУ | ООУ „Рајко Жинзифов“ |
| 26. | Развојна програма за работа на ООУ „ Лирија“за период од 2026-2029 година | | ООУ | ООУ „Лирија“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27. | Развојна програма за работа на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ за период од 2026-2029 година | | ООУ | ООУ„Св.Кирил и Методиј“ |
| 28. | Развојна програма за работа на ООУ „Васил Главинов“ за период од 2026-2029 година | | ООУ | ООУ„Васил Главинов“ |
| 29. | Развојна програма за работа на ООУ „Блаже Конески“ за период од 2026-2029 година | | ООУ | ООУ„Блаже Конески“ |
| 30. | Развојна програма за работа на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан“ за период од 2026-2029 година | | ООУ | ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан“ |
| 31. | Годишна програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов “с. Горно Оризари во учебната 2026/2027 година | **III-**то тримесечје најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ„Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари |
| 32. | Годишна програма за работа на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци во учебната 2026/2027 година | **III-**то тримесечје најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци |
| 33. | Годишна програма за работа на ООУ „Лирија“ село Бузалково Велес во учебната 2026/2027 година | **III-**то тримесечје најдоцна до 31 август | ООУ | ООУ „Лирија“ село Бузалково Велес |
| 34. | Годишна програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов“ во учебната 2026/2027 година | **III-**то тримесечје најдоцна до 31 август | ООМУ | ООМУ „Стефан Гајдов“ |
| 35. | Согласност за паралелки со помал број на ученици | **III-**то тримесечје | ООУ и ОСУ | Општински училишта |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 36. | Годишен план за вработување на ЈКП „Дервен“ Велес за 2027 година | **III**-то тримесечје<br><br>најдоцна до 01-ви септември да го достават до Совет, а Советот најдоцна во рок од еден месец да даде согласност | ЈКП „Дервен“ Велес | ЈКП „Дервен“ Велес |
| 37. | Годишен план за вработување на основни/средни училишта и градинка за 2027 година | **III-то тримесечје**<br><br>**најдоцна до 01-ви септември да го достават до Совет,**<br><br>**а Советот најдоцна во рок од еден месец да даде согласност** | основни/средни училишта и ОУЈДГ Димче Мирчев | основни/средни училишта и |
| 38. | Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година | **III**-то тримесечје<br><br>најдоцна до 01-ви септември да го достават до Совет, а Советот најдоцна во рок од еден месец да даде согласност | ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес | ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес |
| 39. | Годишен план за вработување на ЗЈП Стационар „Шепа“ Кавадарци за 2027 година | **III**-то тримесечје<br><br>најдоцна до 01-ви септември да го достават до Совет, а Советот најдоцна во рок од еден месец да даде согласност | ЗЈП Стационар „Шепа“ Кавадарци | ЗЈП Стационар „Шепа“ Кавадарци |
| 40. | Годишен план за вработување на Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2027 година | **III**-то тримесечје<br><br>најдоцна до 01-ви септември да го достават до Совет, а Советот најдоцна во рок од еден месец да даде согласност | Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес | ЗЈП Стационар „Шепа“ Кавадарци |
| 41. | Годишен план за вработување на Локалната установа „Народен музеј“ за 2027 година | **III**-то тримесечје<br><br>најдоцна до 01-ви септември да го достават до Совет, а Советот најдоцна во рок од еден месец да даде согласност | Локалната установа „Народен музеј“ | Локалната установа „Народен музеј“ |

**IV-то тримесечје**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај на Општина Велес за III квартал 2026 година | **IV-**то тримесечје<br>ноември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Извештај за работењето на ЈКП „Дервен“ во период од 1-9 месец 2026 година | **IV-**то тримесечје<br>декември | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 3 | Квартален извештај на ЗЈП РЦ Стационар Шепа Кавадарци за период од 01.07.2026 год. до 31.09.2026 год. | **IV-**то тримесечје | ЗЈП | ЗЈП „Стационар Шепа“ |
| 4 | Одлука за доделување на награда за најстудент „Професор д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2026 година | **IV**-то тримесечје<br>најдоцна до 31 октомври | Комисија за општествени дејности | Комисија за општествени дејности |
| 5 | Одлука за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2026 година | IV-то тримесечје<br>најдоцна до 31 октомври | Комисија за општествени дејности | Комисија за општествени дејности |
| 6 | Одлука за доделување на 9-то Ноемвриски признанија на Општина Велес за 2026 година | IV-то тримесечје<br>најдоцна до 31 октомври | Комисија за општествени дејности | Комисија за општествени дејности |
| 7. | Извештај за работата на Комисијата и Одлука за доделување стипендии на талентирани ученици и студенти за учебната 2026/2027 година | **IV -**то тримесечје | Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес | Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | План на програма за развој (Основен проект за реконструкција на улица Белградска - дел 2) | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 9. | План на програма за развој(Реконструкција на дел од улица „11 Октомври“ - Општина Велес) | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 10. | План на програма за развој (Реконструкција на дел од улица „Алексо Демниевски - Бауман“ од спој со улица „Асном“ до спој со улица „Васа Кошулчева“ кај железничката станица во Велес, Општина Велес) во 2026 година | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 11. | План на програма за развој(Реконструкција и утврдување режим на сообраќај на улица „Васил Главинов“ со споевите на улица „Киро Ќучук“ и „Тодор Јанев“ во Велес, општина Велес)<br>во 2026 година | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 12. | План на програма за развој(Реконструкција на дел од улица „Васил Ѓоргов“ во Велес, Општина Велес) во 2026 година | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 13. | План на програма за развој(Изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1, КО Велес позади станбена зграда на ул. „Благој Ѓорев“ бр.125 - Општина Велес) во 2026 година | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 14 | План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ во с. Отовица, Општина Велес) | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 15 | План на програма за развој(Основен проект локален пат Велес – | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Чалошево, Општина Велес) во 2026 година | | | |
| 16 | План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци) | IV-то тримесечје до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 17 | План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Караслари) | IV-то тримесечје до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 18 | План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Мамутчево) | IV-то тримесечје до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 19 | План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во Башино Село) | IV-то тримесечје до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 20 | План на програма за развој(Реконструкција на јавна површина над Скривница и деловен простор) | IV-то тримесечје до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 21 | План на програма за развој(Партерно уредување на Плоштад и изградба на подземна катна гаража – Фаза 1) | IV-то тримесечје до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 22 | План на програма за развој(Партерно уредување на Плоштад и изградба на подземна катна гаража – Фаза 2) | IV-то тримесечје до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 23 | План на Програма за развој (Регулација на река Вардар во должина од 253м на потег од под Мало мовче до под Стар мост) | IV-то тримесечје до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 24 | План на Програма за развој (Реконструкција на дел од улиците Раштански пат, Димитар Влахов, Борис Трајковски и Алексо Демниевски Бауман) | IV-то тримесечје до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25 | План на Програма за развој (Реновирање и модернизација на системот за улично осветлување во општина Велес) | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 26 | План на Програма за развој (Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес) | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 27 | План на програма за развој (Основен проект за реконструкција на спортска сала „Гемиџии“ - Општина Велес - Фаза 1) | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 28 | План на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) | IV-то тримесечје<br>до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 29. | Програма за уредување на градежно земјиште во 2027 година | IV-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 30. | Програма за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната<br>2026/2027 година | **IV**-то тримесечје<br>најдоцна до 15 октомври | Градоначалник | Одделение за комунални работи и сообраќај |
| 31. | Програма за изработка на урбанистички планови во 2027 година | IV-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за урбанизам |
| 32. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2027 година | IV-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за евроинтеграции и локален економски развој |
| 33. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2027 година | **IV**-то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 34. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка во 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за поддршка на Градоначалникот |
| 35. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 36. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 37. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 38. | Програма за активностите на Општина Велес во областа образованието во 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 39. | Програма за активностите на Општина Велес во областа за заштита и спасување и противпожарна заштита во 2027 година. | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа |
| 40. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за животна средина |
| 41. | Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за животна средина |
| 42. | Оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес во 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>најдоцна до 30 ти ноември | Градоначалник | Одделение за животна средина |
| 43. | Буџет на Општина Велес за 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>до 31-ви декември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 44. | Одлука за извршување на Буџетот на општина Велес за 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>до 31-ви декември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 45. | Буџетски календар за 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>декември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања и одговорен сметководител |
| 46. | Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2027 година | **IV-**то тримесечје<br>до 31-ви декември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 47. | Одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2027 година | **IV-**то тримесечје | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 48. | Одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2027 година | **IV-**то тримесечје | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 49. | Одлука за определување на критериумите за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот | **IV-**то тримесечје | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 50. | Годишна програма за работата на ЈП „Парк спорт паркинзи“ за 2027 година | **IV-**то тримесечје | Јавно претпријатие | ЈП „Парк Спорт и Паркинзи“ Велес |
| 51. | Годишна програма за работа на Локална библиотека „Гоце Делчев“ за 2027 година | **IV-**то тримесечје | Локална установа | Локална библиотека „Гоце Делчев“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 52. | Годишна програма за работа на Локалната установа „Народен музеј“ за 2027 година. | **IV-**то тримесечје | Локална установа | Локална установа „Народен музеј“ |
| 53. | Деветмесечен извештај за работата на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ 2026 година. | **IV**-то тримесечје | Јавно претпријатие | ЈП„Парк спорт и паркинзи“ |
| 54. | Годишен извештај за работа на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ 2025/2026 година. | **IV**-то тримесечје | Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Димче Мирчев“ | ОЈУДГ Детска градинка „Димче Мирчев“ |
| 55. | Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ 2026/2027 година. | **IV -**то тримесечје до 30-ти септември | Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Димче Мирчев“ | ОЈУДГ Детска градинка „Димче Мирчев“ |
| 56. | Програма и план за работа на ЗЈП ,,Стационар Шепа" Кавадарци за 2026 година | IV -то тримесечје | ЗЈП „Шепа“ | ЗЈП „Шепа“ |

**III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Согласно вака планираните активности по оваа Програма, јавните служби основани од Општината се должни тримесечните извештаи за работата во тековната година до Советот на Општина Велес да ги доставуваат веднаш по изминувањето на рокот за кој се задолжени со закон.

Програмата за работа на Советот во текот на годината може да се дополнува со други содржини кои ќе произлезат од тековните активности на Општина Велес и јавните служби основани од Општината.

Годишните програми и Буџетот ќе бидат донесувани согласно Деловникот на Советот на Општина Велес.

Советот на Општина Велес во тековната година, покрај вака планираното донесува и повеќе одлуки, информации, извештаи и решенија.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/4
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.4**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување**
**Програма за одбележување**
**на годишнини на значајни настани и личности**
**за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/4
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/5
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен Гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 14/15, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026 година**

**I. ВОВЕД**

Со програмата за одбележување годишнини на значајни настани и личности во општина Велес за 2026 година се определуваат значајните настани и годишнини од посебно значење, со што се продолжува континуитетот во одбележувањето од републичко и локално значење.

**II. ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Одбележување на јубилеи и годишнини на значајни настани и личности во насока на негување на историското минато,
- Обезбедување активен однос на Општина Велес кон задоволувањето на потребите на граѓаните за негување на традициите,
- Зачувување на историската и културната вредност на личности и настани, со цел негување на историските и културните вредности на градот.

| ДАТУМ | НАСТАН |
|---|---|
| | **ЈАНУАРИ** |
| **6 јануари** | **83 години** од загинувањето на Киро Ќучук, Нонча Камишова, Стојан Бурчевски, Киро Неделков и Јордан Јорданов |
| | |
| **9 јануари** | **83 години** од загинувањето на Трајко Бошковски – Тарцан, Маца Овчарова, Владо Кошулчев, Коле Цветков и Благој Кирков |
| | |
| **14 јануари** | **83 години** од загинувањето на народниот херој Благој Страчковски и првоборецот Славе Петков |
| | |
| | **ФЕВРУАРИ** |
| **2 февруари** | **25 години** од смртта на Ѓорѓи Шоптрајанов |
| | |
| **15 февруари** | **187 години** од раѓањето и **149 години** од смртта на Рајко Жинзифов |
| | |
| **21 февруари** | **82 години** од Февруарскиот поход |
| | |
| | **МАРТ** |
| **8 Март** | **Меѓународен ден на жената** |
| | |
| **13 март** | **119 години** од раѓањето на Петре Прличко |
| | |
| **14 март** | **84 година** од Штрајкот на учениците во велешката гимназија |
| | |
| **19 март** | **157 години** од раѓањето на Васил Главинов |
| | |
| | **АПРИЛ** |
| **7 април** | **82 години** од загинувањето на народниот херој Димче Мирчев |
| | |

| | |
|---|---|
| **21-23 април** | **84 година** од формирањето на ВПО „Димитар Влахов“ и<br>**82 години** од формирањето на ПО „Трајче Петкановски” |
| | |
| **25 април** | **124 година** од смртта на учителот Петар Михов |
| | |
| **28 април-1мај** | **122 година** Солунски атентати (Гемиџии) |
| | |
| **април** | **189 години** од раѓањето и **129 години** од смртта на браќата Андреја и Константин Петкович |
| | |
| **МАЈ** | |
| *1 Мај* | *Меѓународен ден на трудот* |
| | |
| **4 мај** | *123 година* ***од загинувањето на Гоце Делчев*** |
| | |
| **9 Мај** | *Ден на победата над фашизмот* |
| | |
| **24 Мај** | **Ден на сесловенските просветители браќата**<br>**Свети Кирил и Методиј** |
| | |
| **ЈУНИ** | |
| **8 јуни** | **121 година** од раѓањето на Стефан Гајдов |
| | |
| **13 јуни** | **83 години** од загинувањето на Коста Солев Рацин |
| | |
| **21 јуни** | **23 години** од смртта на<br>Данка Ристова Северова Фирфова |
| | |
| **28 јуни** | **25 години** од загинувањето на Оливер Китановски |
| | |
| **ЈУЛИ** | |
| **12 јули** | **213 години** од раѓањето и |

| | |
|---|---|
| | **148 години** од смртта на Андреја Дамјанов |
| | |
| **13 јули** | **75 години** од смртта на Панко Брашнар |
| | |
| **26 јули** | **77 години** од загинувањето на борците од Егејска Македонија во граѓанската војна во Грција |
| | |
| **АВГУСТ** | |
| **2 Август** | **123 години** Илинденско востание |
| | **82 години** од I Заседание на АСНОМ |
| | |
| **9 август** | **Ден на Св.вмч.Пантелејмон**, патрон и заштитник на град Велес<br><br>**143 години** од раѓањето на Панко Брашнар |
| | |
| **СЕПТЕМВРИ** | |
| **2 септември** | **82 години** од формирањето на Осмата македонска народноослободителна ударна бригада |
| | |
| **2 септември** | **84 години** од загинувањето на Коле Неделковски |
| | |
| **6 септември** | **64 години** од смртта на Алексо Демниевски- Бауман |
| | |
| **8 Септември** | **Ден на независноста на Република Северна Македонија** |
| | |
| **10 септември** | **82 години** од загинувањето на борците на Осмата МНОУБ кај месноста Раштански колиби |
| | |
| **14 септември** | **84 година** од масакрот на Пуста кула |
| | |
| **ОКТОМВРИ** | |
| **4 октомври** | **121 години** од загинувањето на Тодор Христов Офицерчето и |

| | |
|---|---|
| | **117 години** од загинувањето на Јован Наумов Алабакот |
| | |
| **11 Октомври** | **Ден на народното востание** |
| | |
| **23 Октомври** | **Ден на македонската револуционерна борба**<br><br>118 години од загинувањето на Јован Наумов Алабакот, 119 години од смртта на Андреа Димов-Докурчев и 122 години од загинувањето на Тодор Христов Офицерчето |
| | |
| **24 октомври** | **82 години** од загинувањето на Јовче Тесличков |
| | |
| **31 октомври** | **46 години** од смртта на Бане Андреев-Ронката |
| | |
| **НОЕМВРИ** | |
| **1 ноември** | **84 година** од загинувањето на Благој Ѓорев |
| | |
| **9 Ноември** | **Ден на ослободувањето на Велес** |
| | |
| **19 ноември** | **90 години** од смртта на Ганчо Хаџи Панзов |
| | |
| **25 ноември** | **87 години** од излегувањето од печат на збирката „Бели мугри“ |
| | |
| **ДЕКЕМВРИ** | |
| **8 Декември** | **Ден на Св. Климент Охридски** |
| | |
| **10 декември** | **84 година** од загинувањето на семејствата Митреви и Капчеви |
| | |
| **15 декември** | **205 години** од раѓањето на Јордан Хаџи Константинов- Џинот |
| | |
| **16 декември** | **84 години** од Борбата кај Војничка пештера |
| | |
| **22 декември** | **124 година** од смртта на Миле Поп-Јорданов |

| | |
|---|---|
| | |
| **22 декември** | **118 година** од раѓањето на Коста Солев Рацин |
| | |
| **27 декември** | **84 година** од загинувањето на Богдан Каракостев |
| | |
| **декември** | **81 година** од смртта на Ѓорѓи Зографски |
| | |
| **Значајни датуми за граѓаните-припадници на етничките заедници** | Континуирано во текот на целата календарска година, согласно утврдени датуми за чествување на меѓународни празници и традиционални датуми |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026 година ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Велес предвидени во Годишната програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2026 година.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/5
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.5**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2026 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/5
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 20-б став 1 алинеја 3 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2026 година**

1.Со ова Решение, Советот на Општина Велес дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Велес за 2026 година со бр.04-396/1 од 22.01.2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/6
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Прилог бр.1**

# ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | Бр.396/1 од 22.01.2026 година |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | Општина Велес |
| ЗА ГОДИНА: | **2026** |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 6017282 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4004004117638 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 22.01.2026 година |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Марија Чатмова | |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Панче Јанев | |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | Марко Колев | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВЕЛЕС

## ДЕЛ 1. ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА

***Табела 1.*** *Моментална состојба со број на вработени лица во институцијата*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени Службени лица | Даватели на Услуги (носители на дејност | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број вработени во институцијата** (на датумот на пополнување на годишниот план) | 118 | 74 | 30 | / | 14 |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.** Планирано пополнување на работни места преку (пре)распоредување на вработените во институцијата на исто ниво (хоризонтална мобилност)*

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на празни/непополнети работни места преку распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на непополнети работни места кои планирате да ги пополните преку распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку (пре)распоредување: | | | |
| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините |
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |

***Табела 2.** *Планирано пополнување на работни места преку унапредување во следната година**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | | 1 |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас: | | | | |
| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините | |
| 1. | Раководител на Одделение за комунални рботи и сообраќај | Одделение за комунални рботи и сообраќај, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина,комунални дејности , евроинтеграции и лер | Унапредување | |

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНО НАМАЛУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.** *Планирано заминување на вработени од институцијата по основ на пензионирање*

| | | |
|---|---|---|
| Дали се планирани пензионирања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година?*(заокружете)* | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе се пензионираат: *(наведете број на лица кои навршуваат 64 години)* | | 2 |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по основ на пензионирање: | | |

* *Во Делот 2 Табелите 1 и 2 институциите ги пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнување*

| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Основ на заминување-пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) |
|---|---|---|---|
| 1. | Самостоен референт комунален редар УПР0101Г01000 | Одделение за инспекциски надзор | март 2026 |
| 2. | Советник градежен инспепектор УПР0101В01000 | Одделение за инспекциски надзор | Август 2026 |

***Табела 2.** Планирано заминување на вработени од институцијата по други основи**

| Дали се планирани заминувања на вработени од вашата институција по други основи заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | **НЕ** |
|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе заминат од институцијата: *(планираниот број)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по други основи: | | | | |
| р.бр. | работно место (шифра и назив) | | Друг основ на заминување: (наведете ја причината/основот за | датум на престанок на работниот однос |

* ***Во Делот 3 Табелата 2 институциите ја пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето***

| | | Организациона единица (Сектор/Служба) | престанок на работниот однос) | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

***Табела 3.** Вкупен број на вработени кои се планира да заминат од институцијата (пензионирање и други основи) во следната година*

| **Опис** | **ВКУПНО** | **Админстративни службеници** | **Овластени службени лица** | **Даватели на услуги (носители на дејноста)** | **Пом ошно технички лица** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани заминувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 2 | 2 | / | / | / |

## ДЕЛ 4. ПЛАНИРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА (НОВИ ВРАБОТУВАЊА)

***Табела 1.*** *Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на неопределено време (трајно) на јавен оглас*

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања на неопределено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година ? *(заокружете)* | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на неопределено време: *(наведете број)* | | | 17 |
| Наведете ги работните места за кои планирате да бидат пополнети со нови вработувања на неопределено време: | | | |

| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други органзациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Наведете колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година (наведете во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Раководител на одделение за заштита на животната средина УПР0101Б04000<br>1 извршител | Одделение за заштита на животната средина, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина,комунални дејности , евроинтеграции и лер | Зголемен обем на работа | Нето 42.943,00<br>Бруто 64.658,00 |
| 2. | Раководител на одделение за информатичка технологија УПР0101Б04000<br>1 извршител | Одделение за информатичка технологија , Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки, информатичка технологија и и поддршка на Градоначалникот | Зголемен обем на работа | Нето 42.943,00<br>Бруто 64.658,00 |
| 3. | Раководител на одделение за јавни набавки | Одделение за јавни набавки, Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ,информатичка технологија и | Зголемен обем на работа | Нето 42.943,00<br>Бруто 64.658,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | иподршка на Градоначалникот | | |
| 4. | Советник инспектор за патишта ИНС0101Б01000<br>1 извршител | Одделени за инспекциски надзор | Зголемен обем на работа | Нето 39.194,00<br>Бруто 58.900,00 |
| 5. | Помлад соработник за обезбедување на техничка и друга документација УПР0101Б04000<br>1 извршител | Одделение за јавни набавки, Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ,информатичка технологија и иподршка на Градоначалникот | Зголемен обем на работа | Нето 34.509,00<br>Бруто 51.669,00 |
| 6. | Соработник за заштита на амбинетен воздух, води и зеленило УРР101В03000<br>1 извршител | Одделение за заштита на животната средина, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина,комунални дејности , евроинтеграции и лер | Зголемен обем на работа | Нето 36.265,00<br>Бруто 54.380,00 |
| 7. | Советник инспектор за животна средина ИНС 0101 Б01001<br>1 извршител | Одделени за инспекциски надзор | Зголемен обем на работа | Нето 39.194,00<br>Бруто 58.900,00 |
| 8 | Самостоен референт даночен книговодител УПР0101Г01000<br>1 извршител | Одделение за финансиски прашања | Зголемен обем на работа | Нето 26.358,00<br>Бруто 39.204,00 |
| 9 | Пожарникар спасител ПОЖ 0210В04000<br>3 извршители | ТППЕ | Зголемен обем на работа | Нето 37.157,00<br>Бруто 55.754,00 |
| 10. | Самостоен референт-технички секретар на градоначалникот УПР0101Г01000<br>1 извршител | Одделение за поддршка на градоначалникот, Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ,информатичка технологија и иподршка на Градоначалникот | Зголемен обем на работа | Нето 28.358,00<br>Бруто 42.178,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Самостоен референт по оblog на данок на имот<br>УПР0101Г01000<br>1 извршител | Одделение за финансиски прашања | Зголемен обем на работа | Нето 28.358,00<br>Бруто 42.178,00 |
| 12. | ВКВ работник за одржување на објекти<br>УПР0401А03001<br>1 извршител | Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа, Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ,информатичка технологија и иподршка на Градоначалникот | Зголемен обем на работа | Нето 29.104,00<br>Бруто 43.329,00 |
| 13. | Советник за следење на постапки за јавни набавки<br>УПР0101В01000<br>1 извршител | Одделение за јавни набавки, Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ,информатичка технологија и иподршка на Градоначалникот | Зголемен обем на работа | Нето 39.194,00<br>Бруто 58.900,00 |
| 14 | Советник за планирање на локален економски развој<br>УПР0101В01000<br>1 извршител | Одделение за евроинтеграции и грантови, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина,комунални дејности , евроинтеграции и лер | Зголемен обем на работа | Нето 39.194,00<br>Бруто 58.900,00 |
| 15 | Помлад референт за соработка со немнозинските заедници<br>УПР0101В01000<br>1 извршител | Одделение за јавни дејности, Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ,информатичка технологија и иподршка на Градоначалникот | Зголемен обем на работа | Нето 27.011,00<br>Бруто 40.099,00 |

***Табела 2.** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на определено време (времени вработувања)*

| | | |
|---|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања на определено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | **НЕ** |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на определено време: *(наведете број)* | | |
| Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања на определено време: | | |

| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други органзациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Број на месеци во следната година за кои се планира да се исплаќа плата на новиот вработен. (наведете број) | Износ на буџет потребен за плата на новиот вработен во следната година. (наведете во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |

***Табела 3.** Планирано пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција)**

| | | |
|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција), заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | **НЕ** |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на нови вработувања по пат на мобилност (преземање од друга институција): *(наведете број)* | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните по пат на мобилност (преку преземање од друга/и институција/и): | | |

| р.бр | работно место | Организациона единица | кратко образложение на причините |
|---|---|---|---|

* ***Во Делот 4 Табелите 2 и 3 институциите ги пополнуваат само доколку располегаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето***

| | (шифра и назив) | (Сектор/Служба) | |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |

*Табела 4. Вкупен број на планирани нови вработувања (неопределено време, определено време и преземања од други институции) во институцијата во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани нови вработувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 17 | 13 | 3 | / | 1 |

**Бр.6**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект**

Се објавува Одлуката за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект, што Советот на Општина Велес ја донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/6
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во согласност со член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект**

1.Со оваа Одлука се дава согласност за продолжување на Договорот за закуп на просторија од објект на КПбр.1999 ул.„Алексо Демниевски“ бр.11 Велес запишан во Имотен лист 25440 со арх.бр.03-117/6 од 09.01.2023 година на закупецот Друштво за производство , трговија услуги и образование МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА увоз-извоз ДООЕЛ Свети Николе со седиште на ул.„Маршал Тито“ бр.77 за период до завршување на постапката на давање под закуп на дел од објект во сопственост на Општина Велес, запишан во Имотен лист бр.25440 КО Велес и опрема за дигитално кино, по пат на електронско јавно наддавање.

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Велес да склучи Анекс кон Договорот арх.бр.03-117/6 од 09.01.2023 година за регулирање на правата и обврските согласно дадената согласност од Советот.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/7
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.7**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект и опрема за дигитално кино, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање)**

Се објавува Одлуката за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект и опрема за дигитално кино, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање), што Советот на Општина Велес ја донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/7
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 став 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 3, став 2, член 36 став 1 и член 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект и опрема за дигитално кино, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува начинот на давање под закуп на дел од објект во сопственост на Општина Велес,запишан во Имотен лист бр.25440 КО Велес и опрема за дигитално кино, по пат на електронско јавно наддавање.

**Член 2**

Предмет на давање под закуп е дел од објект-недвижен имот на КП бр.1999 КО Велес,кој се состои од:

Сала со 232 седишта, предпростор-фоаје, тоалети и гардеробер сите во приземје, со вкупна површина од 486м$^2$ (во понатамошниот текст дел од објект) и целокупната опрема за дигитално кино.

**Член 3**

Постапката за давање во закуп на дел од објект и опрема за дигитално кино, сопственост на Општина Велес ќе ја спроведе Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес, формирана од страна на Советот на Општина Велес, со електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25).

**Член 4**

Право на учество имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои што ги исполнуваат условите дадени во објавата.

**Член 5**

Почетната цена на месечната закупнина за дел од објект и опрема за дигитално кино, сопственост на Општина Велес се утврдува врз основа на Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.86/25).

**Член 6**

Постигнатата месечна закупнина при јавното наддавање, закупувачот ќе ја плаќа на почетокот на месецот или најдоцна до десетиот ден на тековниот месец.

Грижата за осигурување на опремата и тековните трошоци во времето на закуп паѓа на товар на закупецот.

**Член 7**

Закупецот на објектот е должен објектот за периодот додека трае закупот да го користи и

одржува во исправна состојба и се грижи за објектот како добар и одговорен домаќин.

Доколку за време на периодот на траење на закупот, закупецот одлучи да презема други зафати на просторот, должен е достави барање со предлог до општината, со цел да се добие потребната согласност од сопственикот.

**Член 8**

Делот од објектот и опремата за дигитално кино од член 2 на оваа Одлука се даваат во закуп за период од 3 (три) години.

**Член 9**

Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес ја спроведува постапката за електронско јавно наддавање до избор на најповолен понудувач на електронското јавно наддавање.

По завршување на постапката за јавно наддавање со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето во закуп на дел од објект и опрема за дигитално кино од член 2 на оваа одлука, Градоначалникот на Општина Велес ќе склучи Договор за закуп со најповолниот понудувач.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/8
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.8**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за ставање ВОН СИЛА на Одлуката за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за ставање ВОН СИЛА на Одлуката за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/8
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 4, член 64 став од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 11 став 2 од Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 110/21, 236/22, 147/24, 74/25 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ставање ВОН СИЛА на Одлуката за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес**

**Член 1**

Се става вон сила Одлуката со бр. 25-1686/5 од 25.03.2022 година за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес, донесена од Советот на Општина Велес.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, корисникот на правото на мрежата на јавното осветлување, ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ има обврска да ги врати броилата и приклучоците на давателот на правото на користење на јавното осветлување-Општина Велес заклучно до 31.03.2026 година.

За предавањето на броилата и приклучоците ќе биде составен Записник за примопредавање.

Од 01.04.2026 година располагањето со броилата и приклучоците, грижата за нивната уредност и тековното одржување на електричната мрежа на јавното осветлување ќе биде во надлежност на Општина Велес.

**Член 3**

Општина Велес ќе преземе активности за промена на корисникот на местата на потрошувачка кај надлежниот снабдувач на електрична енергија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 09-569/9
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.9**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за авто-такси превоз на патници во Општина Велес**

Се објавува Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/9
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 54 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за авто-такси превоз на патници во Општина Велес**

**I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува начинот и условите за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес во делот на:

- локацијата и капацитетот на такси станиците;
- обележувањето, опремувањето и начинот на користење на такси станиците;
- бојата на возилата со кои се врши авто-такси превоз на патници;
- утврдување на тарифата за авто-такси превозот;

- максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто-такси превоз на патници;
- издавање на лиценци и извод од лиценца за вршење на авто-такси превоз;
- начин на вршење на авто-такси превозот.

**Член 2**

Лиценцираниот превозник може да отпочне со вршење на превозот откако ќе ги исполни условите утврдени со закон и условите на Советот на Општина Велес во оваа одлука.

**Член 3**

Регистрираниот превозник може да почне со вршење на превозот со возилата откако ќе добие:

- лиценца во внатрешен патен сообраќај за авто-такси превоз на патници;
- извод од лиценца за такси возило;
- налепници за возилото со бројот на изводот од лиценца.

## II. ЛОКАЦИЈА И КАПАЦИТЕТ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ, ОТВАРАЊЕ НА НОВИ И УКИНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ

**Член 4**

Локацијата и капацитетот на возила на такси станиците се утврдува со сообраќајно-техничка документација што се изготвува за секоја такси станица посебно, согласно со позитивните прописи, стандарди и нормативи од областа на сообраќајот.

**Член 5**

Во Општина Велес се утврдуваат следните локации и капацитет на такси станиците за такси возилата со кои се врши превозот на патници:

1. такси станица м.в. „Вила Зора“ на ул. „Димитар Влахов“ со капацитет од 3 места;
2. такси станица м.в. „Градски пазар 1“ на ул. „Нада Бутникошарова“ со капацитет од 5 места;
3. такси станица м.в. „Градски пазар 2“ на ул. „Ангел Мишев“ со капацитет од 5 места;
4. такси станица м.в. „Автобуска станица“ на ул. „Петре Прличко“ со капацитет од 10 места;
5. такси станица м.в. „Долни дуќани“ на ул. „Димко Најдов“ со капацитет од 3 места;
6. такси станица м.в. „Комплекс банки“ на ул. „8-ми Септември“ со капацитет од 3 места;
7. такси станица м.в. „Народен музеј“ на ул. „8-ми Септември“ со капацитет од 5 места;
8. такси станица м.в. „Ликовен салон“ на ул. „Алексо Демниевски - Бауман“ со капацитет од 3 места;
9. такси станица м.в. „Македонски Телеком“ на ул. „8-ми Септември“ со капацитет од 3 места;
10. такси станица м.в. „АРМ“ на ул. „Благој Ѓорев“ со капацитет од 5 места;
11. такси станица м.в. „Театар“ на ул. „Благој Ѓорев“ со капацитет од 3 места;
12. такси станица м.в. „Ќоше“ на ул. „Благој Ѓорев“ со капацитет од 3 места;
13. такси станица м.в. „Гимназија“ на ул. „Благој Ѓорев“ со капацитет од 8 места;
14. такси станица м.в. „кружен тек - Авона“ на ул. „Благој Ѓорев“ со капацитет од 10 места;
15. такси станица м.в. „Трговски центар“ на ул. „Благој Ѓорев“ со капацитет од 12 места;
16. такси станица м.в. „Болница“ на ул. „Самоборска“ со капацитет од 5 места;
17. такси станица м.в. „Железничка станица“ на ул. „Алексо Демниевски - Бауман“ со капацитет од 10 места;
18. такси станица м.в. „Општина“ на паркинг пред зградата на Општина Велес со капацитет од 3 места.

**Член 6**

За отворање на нова, измена на капацитетот и укинување на постојната такси станица одлучува Советот на Општина Велес по предлог на Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој (во понатамошниот текст надлежниот општински орган).

Иницијатива за отворање на нова и измена на капацитетот и укинување на постојната такси станица може да дадат овластени преставници од такси превозниците, надлежниот општински орган или урбаната заедница.

Постојана такси станица може да се укине заради:

- реализација на урбанистички план;
- барање од надлежен орган на управа;
- несоодветно користење и одржување.

## III. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ, ТАРИФА И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ТАКСИ СТАНИЦИ

**Член 7**

Такси станиците се обележуваат со сообраќаен знак и ознаки на коловозот (хоризонтална и вертикална сигнализација).

На површината на такси станицата со жолта боја се обележани (исцртани) места за паркирање на такси возилата според утврдениот капацитет на возила согласно стандардите за обележување на такси станици. Обележување на такси станиците се врши по потреба, но најмалку еднаш годишно.

**Член 8**

На такси станиците се поставуваат корпи за отпадоци, а може да се поставува и друга урбана опрема (настрешници, клупи за седење, телефонски говорници и слично).

Потребниот број на корпи на една такси станица зависи од капацитетот и видот на паркирање.

По една корпа за отпадоци се утврдува за :

- капацитет од 3 такси возила при надолжно паркирање;
- капацитет од 5 такси возила при нормално и косо паркирање.

За чистотата и уредноста на такси станицата се грижат авто-такси превозниците.

**Член 9**

Изработката на сообраќајно-техничка документација, опремување и обележувањето на нова такси станица и одржување на постојните такси станици, врши Општина Велес.

Трошоците од ставот 1 на овој член се на товар на авто-такси превозниците согласно член 11 од оваа одлука.

**Член 10**

На такси станиците возилата се паркираат по редот на доаѓање.

На една такси станица можат бидат паркирани онолку такси возила колку што е капацитетот на истата.

За време додека е паркирано возилото на такси станицата, возачот е должен да се наоѓа во или непосредно покрај возилото.

Такси станиците можат да ги користат само авто-такси превозниците кои имаат лиценца од општината на чие подрачје имаат седиште.

**Член 11**

За користење на такси станиците, превозниците ќе плаќаат надоместок во износ од 150 денари месечно по возило.

Плаќањето ќе се врши однапред за периодот до истекот на лиценцата.

## IV. НАДВОРЕШЕН ИЗГЛЕД И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА КОИ ВРШАТ АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Член 12**

Бојата на возилата со кои се врши авто-такси превозот на патници ја избира самиот превозник.

**Член 13**

На предните врати на возилото се истакнува ознака (налепница) со димензии 200x200 мм изработена од ретрорефлектирачка фолија на бела основа и натпис кој содржи: зборот „TAXI“, грбот на Општина Велес и бројот од изводот од лиценца.

Налепниците ги издава Општина Велес.

На задните бочни страни потребно е возилото да биде означено со називот на трговското друштво или на трговецот поединец, единствениот матичен број на фирмата.

Такси превозникот може дополнително да постави лого или телефонски број на фирмата.

На покривот на возилото задолжително се поставува светлечка табла која задолжително го содржи зборот „TAXI“.

Рекламните натписи и уреди на возилата може да се постават само во согласност со важечките прописи кои се однесуваат на начинот на кој се поставуваат реклами.

## V. ТАРИФА

**Член 14**

Тарифата за авто-такси превозот надлежниот општински орган ја усогласува со такси превозниците, а ја утврдува Советот на Општина Велес.

Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден со таксиметарот според утврдените тарифи.

Тарифи за пресметување на цената на превозот:

- Тарифа 1 (од 05:00 до 23:00 часот):
    1. Почетна цена (старт и вклучен 1 километар): до 70 денари
    2. Цена по изминат километар: до 30 денари;

3. Чекање во времетраење од 1 минута: 5 денари.
- Тарифа 2 (од 23 :00 до 05:00 часот):
  1. Почетна цена (старт и вклучен 1 километар): до 70 денари;
  2. Цена по изминат километар: до 35 денари;
  3. Чекање во времетраење од 1 минута: до 5 денари.

Превозникот е должен во возилото на видно место да го истакне ценовникот со утврдените тарифи за чинење на превозот.

## VI. МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА ТАКСИ ВОЗИЛА СО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

### Член 15

Максималниот број на возила се утврдува според согледувања за потребите на граѓаните, цената на превозот, состојбата со сообраќајот, постоечката инфраструктура и капацитет на такси станиците.

Максималниот број на такси возила се утврдува и се евидентира во централната база на податоци за превозниците во Општина Велес.

### Член 16

Максималниот број на возила во регистерот за издадени лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес се утврдува на вкупно 250 возила.

Доколку е исполнет бројот на издадени изводи од лиценци за 250 возила, а има интерес од превозниците за лиценца за вршење на авто-такси превоз на патници, се оформува листа на чекање за лиценца.

Одземените, откажаните и непродолжените лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници ќе се доделуваат на превозниците кои се пријавени на листата, согласно редот на чекање.

По испразнување на место за извод од лиценца за авто-такси превоз на патници, Општина Велес го известува превозникот кој е прв на списокот на листата за чекање, за слободно место за извод од лиценца и лиценца. Истиот ќе биде должен во рок од 8 дена од приемот на известувањето да поднесе барање со комплетна документација потребна за лиценца и извод од лиценца за вршење авто-такси превоз на патници, до Општина Велес.

Доколку превозникот по приемот на известувањето од Општина Велес не ја поднесе потребната документација во рок од 8 дена се смета дека се откажал од листата на чекање и се повикува следниот превозник од истата.

### Член 17

Трошоците за постапката за издавање на лиценцата и изводите од лиценцата ги сноси превозникот врз основа на законите кои ја регулираат оваа материја.

## VII. ЛИЦЕНЦА И ИЗВОД ОД ЛИЦЕНЦА

### Член 18

За вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес, Градоначалникот издава лиценца и извод од лиценца за секое возило одделно и истата може да ја одземе под услови пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај и подзаконските акти.

На превозникот кој ги исполнува пропишаните услови за добивање на лиценца му се издава лиценца со рок на важност пропишан во Законот за превоз во патниот сообраќај. Со лиценцата на превозникот му се издава и извод од лиценца за секое возило кое го пријавил, со истиот рок на важење како и лиценцата и не може да се пренесе на друг превозник.

Изводот од лиценцата за возилото со кое се врши авто-такси превоз треба да биде истакнат на ветробранското стакло од страната на совозачот.

### Член 19

Лиценцата се издава на барање на превозникот. Кон барањето за издавање на лиценца и извод од лиценци за пријавените возила превозникот треба да ја приложи потребната документација согласно Законот за превоз во патниот сообраќај и подзаконските акти. За барањето превозникот уплатува износ предвиден со Законот за административни такси.

### Член 20

Ако се исполнети сите услови од член 19 на оваа одлука Градоначалникот ќе ја издаде лиценцата и изводите од лиценца, во спротивно се известува превозникот за некомплетната документација и му се дава рок за дополнување на документацијата. Ако и по дадениот рок превозникот не ја дополни потребната документација, Градоначалникот ќе донесе решение со кое ќе се констатира дека барањето не е поднесено.

## VIII. НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗОТ

**Член 21**

Давањето на услуги во авто-такси превозот започнува:

- од такси станица;
- со повик преку средства за комуникација;
- со запирање од граѓанин на авто-такси возило во движење, доколку возилото е слободно без патници, без попречување на безбедното одвивање на сообраќајот.

**Член 22**

На такси станицата патниците ги прима возачот со првото возило според редот на чекање (стоење) на неговото авто-такси возило.

По исклучок, патникот по сопствен избор ако има посебни барања во поглед на видот, изгледот, сигурноста, комфорот на возилото и изгледот и уредноста на возачот, може да побара услуга и од друг авто-такси превозник кој не е прв во редот на чекање на станицата.

Ако авто-такси возач кој е прв во редот на чекање на патници одбие да прими патник на станицата, мора да го напушти првото место на станицата и да го завземе последното место на чекање.

**Член 23**

Ако патникот ја побара услугата со повик преку средства за комуникација, превозот започнува на местото кое тој ќе го одреди.

**Член 24**

За примање на други патници во тек на превозот, одлучува патникот кој го започнал користењето на превозот.

**Член 25**

Кога се чека патникот или кога тој сака да го напушти возилото, авто-такси возачот е должен да го запре возилото на место на кое е тоа дозволено со прописите за безбедност во сообраќајот и кое е безбедно за патникот и другите учесници во сообраќајот.

**Член 26**

Одредиштето на возењето го определува патникот.

Авто-такси превозникот е должен да го изврши превозот по најкусиот пат до местото на определување на патникот или по патот што ќе го одреди патникот.

Доколку патникот побара превозот да се обави на земјен пат или пат кој ја загрозува безбедноста на патниците и возилото превозникот може да го откаже превозот.

**Член 27**

Авто-такси превозникот е должен побараниот превоз да го доврши со доаѓање на определено одредиште.

Во случај на неможност да го заврши започнатиот превоз на патници по вина на авто-такси превозникот, на авто-такси превозникот му припаѓа само половина од износот што во моментот на прекинувањето на превозот го покажува таксиметарот.

Во случај на став 2 на овој член, авто-такси превозникот е должен да обезбеди друго авто-такси возило заради продолжување на превозот на патникот до местото на неговото определување.

**Член 28**

Авто-такси превозникот е должен на почетокот на превозот да го вклучи таксиметарот.

Кога превозот е побаран со повик преку средствата за комуникација, таксиметарот се вклучува при поаѓање на авто-такси возилото од местото одредено од патникот.

**Член 29**

Авто-такси превозникот е должен да му издаде на патникот фискална сметка за извршениот превоз.

Во возилото задолжително на видно место над таксиметарот треба да биде истакнат ценовник со утврдените тарифи за чинење на превозот согласно оваа одлука.

**Член 30**

За време на вршење на превозот, авто-такси возачот мора да биде уреден (чист, потстрижен, избричен или со негувана брада и мустаќи, со чиста облека), да се однесува културно и достоинствено кон патниците и не смее да пуши цигари во возилото.

Превозот во летниот период, авто-такси возачот не може да го врши облечен во куси панталони, шорц, мајца без ракави, односно без кошула или маица, без чевли, патики или сандали на нозете.

**Член 31**

Авто-такси возачот е должен да даде авто-такси услуга на секој кој тоа ќе го побара и без оглед на далечината на одредиштето на патникот.

Авто-такси возачот има право да го одбие вршењето на превозот во случаите кога ќе се побара таков превоз за:

1. деца до 6 годишна возраст, без придружба или овластување на еден од родителите на детето;
2. лица под дејство на алкохол и наркотични средства;
3. експлозивни, лесно запаливи, отровни, радиоактивни, заразни, нагризувачки и други опасни материи кои поради своите особини можат да бидат опасни по безбедноста и здравјето на луѓето или можат да нанесат друга штета.

**Член 32**

По завршувањето на возењето авто-такси возачот е должен да го прегледа возилото, а најдените предмети да ги пријави во диспечерскиот центар на авто-такси превозникот или во најблиската полициска станица.

Ако сопственикот на предметите најдени во возилото не се јави во рок од 8 дена, со нив се постапува според прописите за најдените ствари.

## IX. НАДЗОР

**Член 33**

Надзор над спроведувањето на оваа одлука врши администрацијата на Општина Велес.

Инспекциски надзор над примената на одредбите на оваа одлука врши администрацијата на Општина Велес во чиј делокруг се работите на инспекцијата за патен сообраќај, преку овластениот инспектор за патен сообраќај.

**Член 34**

Санкционираните лица кои нелегално се учесници во превозот се внесуваат во посебна база на податоци.

Санкционираните носители на важечки лиценци се внесуваат за секоја санкција во централната база на податоци за важечки лиценци на секој превозник.

## X. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 35**

За непочитување на оваа одлука се применуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 36**

Сите постојни такси превозници се должни да го усогласат изгледот на возилата во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 37**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.18/09, 6/12, 21/19 и 19/25).

**Член 38**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/10
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.10**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за дополнување на Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот**

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот, што Советот на Општина Велес ја донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/10
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 5 став 4 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/12,17/13, 21/13 и 142/14), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О д л у к а**
**за дополнување на Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот**

**Член 1**

Во Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/25), после членот 5 се додава нов член 5-а кој гласи:

Започнатите постапки до денот на влегување во сила на Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот бр.25-2958/11 од 29.12.2025 година (Службен гласник бр. 19/25), ќе завршат согласно Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот со број 25-5208/8 од 27.12.2024 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 15/24).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/11
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.11**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1526/2 во КО Башино Село**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1526/2 во КО Башино Село, што Советот на Општина Велес ја донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/11
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), во врска со член 1 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Службен весник на Република Македонија“ бр.162/12) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1526/2 во КО Башино Село**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Башино Село со намена А4 (викенд куќа) во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр.1526/2 за КО Башино Село

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/12
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.12**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1467/1 во КО Башино Село**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1467/1 во КО Башино Село, што Советот на Општина Велес ја донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/12
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), во врска со член 1 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Службен весник на Република Македонија“ бр.162/12) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1467/1 во КО Башино Село**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Башино Село со намена А4 (викенд куќа) во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр.1467/1 за КО Башино Село

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/13
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.13**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.784/2 и КП бр. 132/1 во КО Башино Село вон град**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.784/2 и КП бр. 132/1 во КО Башино Село вон град, што Советот на Општина Велес ја донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/13
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), во врска со член 1 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Службен весник на Република Македонија“ бр.162/12) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.784/2 и КП бр. 132/1 во КО Башино Село вон град**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Башино Село вон град со намена А1 (станбена куќа) во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр.784/2 и КП бр. 132/1 за КО Башино Село вон град

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/14
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.14**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за неповедување на управни постапки за катастарските парцели кои навлегуваат во опфат на Проектната Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба,изградба на мост на река Вардар кај Башино Село, дел од регионален патен правец Р1312, КО Башино село и КО Велес, Општина Велес, со тех.бр.ПД_006_03/25 од ноември 2025 година**

Се објавува Одлуката за неповедување на управни постапки за катастарските парцели кои навлегуваат во опфат на Проектната Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба,изградба на мост на река Вардар кај Башино Село, дел од регионален патен правец Р1312, КО Башино село и КО Велес, Општина Велес, со тех.бр.ПД_006_03/25 од ноември 2025 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/14
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 62 став 1 и став 3 од Законот за урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7- та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за неповедување на управни постапки за катастарските парцели кои навлегуваат во опфат на Проектната Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба,изградба на мост на река Вардар кај Башино Село, дел од регионален патен правец Р1312, КО Башино село и КО Велес, Општина Велес, со тех.бр.ПД_006_03/25 од ноември 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Велес утврдува дека Општина Велес во иднина нема да поведува управни постапки за катастарските парцели кои навлегуваат во проектниот опфат на Проектната Програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба,изградба на мост на река Вардар кај Башино Село, дел од регионален патен правец Р1312, КО Башино Село и КО Велес, Општина Велес, со тех.бр.ПД_006_03/25 од ноемвври 2025 година, изработена од Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ ДОО Скопје, доставена преку информацискиот систем е-урбанизам постапка број 76314 согласно член 62 од Законот за урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25).

**Член 2**

Општина Велес нема да поведува управни постапки од член 1 на оваа одлука се до одобрување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба, изградба на мост на река Вардар кај Башино Село, дел од регионален патен правец Р1312, КО Башино Село и КО Велес, Општина Велес, со тех.бр.ПД_006_03/25 од ноемввври 2025 година, изработена од Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ ДОО Скопје, од страна на надлежниот орган.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес по влегување во сила на оваа Одлука, со официјално известување истата да ја достави до Комисијата за урбанизам при Министерството за транспорт на Република Северна Македонија преку Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ ДОО Скопје, согласно Известувањето за констатирани недостатоци со Архивски број 67-384/1 од 14.01.2026 година од Министерството за транспорт на Република Северна Македонија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/15
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.15**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Оперативна Програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Оперативна Програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/15
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Оперативна Програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес за 2026 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Оперативната Програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на општина Велес за 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/16
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 12 став 2 точка 3 од Законот за Урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 224/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен Гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 14/15, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О П Е Р А Т И В Н А   П Р О Г Р А М А**
**за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес за 2026 година**

## I. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Оперативната програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини (во понатамошниот текст: Програмата) е насочена кон реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на општината, нејзино хортикултурно уредување, високо естетско облагородување на просторот и урбан изглед на градот.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се обезбеди подигање на нови зелени површини со што ќе се овозможи подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, подобрување на микроклимата, создавање на услови за одмор и рекреација во урбаната средина.

Со оваа Програма се утврдуваат:
- начинот на подигање и реконструирање,
- изворот на финансиските средства,
- следење на нејзината реализација.

## III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Оперативната програма ќе опфати:
III1. Реконструкција на дел од зелени површини на ул. Васил Ѓоргов
III2. Подигнување и реконструкција на зелени површини и подигнување и обновување на дрвореди на делови од парковски површини, улици и скверови по потреба.
III3. Обновување и поставување на системи за наводнување на делови од парковски површини, улици и скверови по потреба

**III 1.** Реконструкција на дел од зелени површини на ул. Васил Ѓоргов

| | **Површина 826 м²** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Операции - хортикултурно уредување** | **Количина** | **Ед. мерка** | **Ден.** | **Вкупно** |
| 1 | Машински ископ на земја (за систем) | 16 | час | 2.600 | 41.600 |
| 2 | Монтирање на хидрантска мрежа | 32 | час | 200 | 6.400 |
| 3 | Рачно затрупување на ров | 16 | час | 200 | 3.200 |
| 4 | Машинско грубо планирање | 820 | м² | 35 | 28.700 |
| 5 | Машинско фино планирање | 820 | м² | 20 | 16.400 |
| | | | | | |
| 6 | Транспорт на корења, камења | 16 | час | 800 | 12.800 |
| 7 | Фрезирање | 820 | м² | 6 | 4.920 |
| 8 | Рачно грубо планирање | 820 | м² | 66 | 54.120 |
| 9 | Рачно фино планирање | 820 | м² | 30 | 24.600 |
| 10 | Сеење, ваљање на тревно семе | 820 | м² | 48 | 39.360 |
| 11 | Копање на дупки за садење | 60 | бр. | 130 | 7.800 |
| 12 | Садење на листопадни садници | 30 | бр. | 230 | 6.900 |
| 13 | Садење на зимзелени садници | 30 | бр | 170 | 5.100 |
| | **Вкупно** | | | | **251.900** |
| | **Вкупно со ДДВ** | | | | **264.495** |
| | **Спецификација на материјали** | | | | |
| 1 | Систем за наводнување | 1 | бр. | | 120.000 |
| | Вкупно со ДДВ | | | | 141.600 |
| | **Се вкупно** | | | | **406.095** |

**III 2.** Подигнување и реконструкција на зелени површини и подигнување и обновување на дрвореди на делови од парковски површини, улици и скверови по потреба.

| | **Површина 3.000 м²** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Операции - хортикултурно уредување** | **Количина** | **Ед. мерка** | **Ден.** | **Вкупно** |
| 1 | Машински ископ на земја (за систем) | 40 | час | 2.600 | 104.000 |
| 2 | Монтирање на хидрантска мрежа | 40 | час | 200 | 8.000 |
| 3 | Машинско грубо планирање | 3.000 | м² | 22 | 66.000 |
| 4 | Машинско фино планирање | 3.000 | м² | 10 | 30.000 |
| 5 | Транспорт на корења, камења | 40 | час | 800 | 32.000 |
| 6 | Фрезирање | 3.000 | м² | 6 | 18.000 |
| 7 | Рачно фино планирање | 3.000 | м² | 66 | 198.000 |
| 8 | Рачно грубо планирање | 3.000 | м² | 30 | 90.000 |
| 9 | Сеење, ваљање на тревно семе | 3.000 | м² | 48 | 144.000 |
| 10 | Копање на дупки за садење | 300 | бр. | 130 | 39.000 |
| 11 | Садење на садници | 300 | бр. | 170 | 51.000 |
| | **Вкупно** | | | | **780.000** |
| | **Вкупно со ДДВ** | | | | **819.000** |
| | **Спецификација на материјали** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Систем за наводнување | 1 | бр. | 500.000 | 500.000 |
| | Вкупно со ДДВ | | | | 354.000 |
| | **Се вкупно** | | | | **1.173.000** |

**III 3.** Обновување и поставување на системи за наводнување на делови од парковски површини, улици и скверови по потреба

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | **Операции - хортикултурно уредување** | **Количина** | **Ед. мерка** | **Ден.** | **Вкупно** |
| 1 | Машински ископ на земја (за систем) | 20 | час | 2.600 | 52.000 |
| 2 | Монтирање на хидрантска мрежа | 58 | час | 200 | 12.000 |
| | **Вкупно** | | | | **63.600** |
| | **Вкупно со ДДВ** | | | | **66.780** |
| | **Спецификација на материјали** | | | | |
| | | | | | |
| 1 | Систем за наводнување | 1 | бр. | 300.000 | 300.000 |
| | **Вкупно** | | | | **354.000** |
| | **Вкупно со ДДВ** | | | | |
| | **Се вкупно** | | | | **420.780** |

**Забелешка: Набавката на садници не е дел од оваа Програма, туку од Програмата за заштита на животна средина од ставката за набавка на материјал за хортикултурно уредување.**
***Градежните работи и набавката на градежни материјали не се дел од финасирањето на оваа Оперативна програма, туку на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024.**

## IV. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за реконструкција и подигање на нови зелени површини ќе ја изведува ЈКП Дервен, преку Секторот Паркови и зеленило.

## V. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА

| СТАВКА | ВКУПНО ДЕНАРИ |
|---|---|
| 1. Реконструкција на дел од зелени површини на ул. Васил Ѓоргов | 406.095 |
| 2. Подигнување и реконструкција на зелени површини и подигнување и обновување на дрвореди на делови од парковски површини, улици и скверови по потреба. | 1.173.000 |
| 3. Обновување и поставување на системи за наводнување на делови од парковски површини, улици и скверови по потреба | 420.780 |
| | |
| **Вкупно:** | **1.999.875** |

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Велес, со средства од Програмата за заштита на животна средина за 2026 година.

Планираните работни операции во Програмата можат да бидат зголемени или намалени за сметка на други работни операции согласно Програмата, во зависност од потребите на теренот, а во договор и знаење на општината.

**VI . ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Надзор над спроведување на оваа Програма врши стручен соработник за животна средина на општината. Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Програма врши општинскиот комунален инспектор.

За спроведените активности на терен, изведувачот ќе биде задолжен да достави Годишен извештај до Советот на Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Велес.

Број 09-569/16
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.16**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Наративен и Годишен финансиски извештај за работата на Младински центар Велес за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Наративен и Годишен финансиски извештај за работата на Младински центар Велес за 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/16
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Наративен и Годишен финансиски извештај за работата на Младински центар Велес за 2025 година**

1.Советот на Општина Велес го усвои Наративниот и Годишен финансиски извештај за работата на Младински центар Велес за 2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/17
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.17**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишна програма на „Младински центар'' Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишна програма на „Младински центар'' Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/17
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишна програма на „Младински центар'' Велес за 2026 година**

1.Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма на „Младински центар'' Велес за 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/18
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.18**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Извештај за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/18
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештајот за работата на Службеникот**
**за млади во Општина Велес во 2025 година**

1.Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/19
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.19**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/19
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2025 година**

1.Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/20
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.20**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца од ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес што паѓа на товар на родителите**

Се објавува Одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца од ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес што паѓа на товар на родителите, што Советот на Општина Велес ја донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/20
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 116 став 1 алинеја 11 и член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца од ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес што паѓа на товар на родителите**

1. Со оваа Одлука се утврдува износот на надоместокот на трошоците за престој на деца од ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес што паѓа на товар на родителите, согласно Предлог-Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите со бр.02-40/3 од 21.01.2026 година, донесена од Управниот одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-569/21
29.01.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.21**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за симнување на точка од дневен ред Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 7-та седница одржана на ден 29.01.2026 година.

Број 08-570/21
29.01.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

